СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Седмото продолжение на Шеесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25 ноември 1993 година

Скопје, ноември 1993 година

**VII ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 68-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 25.II.1993 год.**

Дискутанти:

1. АПОСТОЛОВСКИ НИКОЛА – 8
2. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД – 27
3. АНДОНОВ ТИМЕ - 29, 31
4. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - 62
5.ЃОРГОВ КАМЕНЧО - 66( претстав.на министер.за труд
6. ИВАНОВСКИ ИВАН - 18
7. ЗАФИРОВСКИ ЈОРДАН - ^ ?2
8. ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН - 13
9. КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ - 67, 69, 70
10. ЛУЛОВСКИ КОЛЕ - 26
11. МУРАТИ ЏЕЛАДИН - 1, 2 -води седница
12. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 1, 2, 31.
13. МАНЕВ ЕФТИМ - 3
14. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 65
15. ПЕТРОВ ТОДОР - 51
16. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 21, 24.
17. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 35, 39, 47
18. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 72, 77.
19. ТАИРИ ЏЕЛИЛ - 34
20. ЏАМБАЗОВ САНДЕ - 54, 55
21. ШАКИРИ ХИСНИ - 16, 18.

Днев.ред.

-Пред.за донес.на закон за тутун

-Пред.за донес. на З. за изменување и допол. на материјал.обезбедување на учесниците од НОВ

-Предл. на З. за обезбед. на гробиштата и гробовите на борците погребани на територ. на РМ

седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Седмото продолжение на Шеесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25 ноември 1993 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на РМ, сала 1, со почеток во 12,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Џеладин Мурати, потпретседател на Собранието.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Пратениците Наум Симјановски, Ешреф Алиу и Петар Гошев ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува. Збор има господинот Ефтим Манев.

Меѓутоа, процедурално има нешто да каже господинот Трајан Мицевски.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Господа пратеници, почитувано претседателство, не знам во кого е грешката, дали во претседателството или во пратениците. Се ми се чини дека пратениците не одговорија на позивот на бирачите, само ги проневерија да гласаат за нив, а тоа се гледа од присутноста на седниците. Ова е процедурално, господине Љупчо, токму ќе кажам затоа што коалицијата само за Владата кога беше за доверба имаше 75 гласа, па оттогаш повеќе не ви треба мнозинство на гласови. Сите си бркате бизниси и вие сами можете да работите ако имате 75 гласа без опозицијата. Немој да се презиваш сам кога никој не те прозива. Седи таму и ќути.

I/2.- ПЈ/ВБ

Кој ќе ја плати сега оваа седница и наредната и оваа што само по една точка од дневниот ред врвиме, а 80 точки треба 80 дена да не плаќа овој осиромашен народ. Тоа не можеш да го кажеш, а велиш тоа не вреди. А ова не вреди, а?

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ова не беше процедурално.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

И плата рековме тогаш на култура, нема култура повеќе, се гледа културата каде е, во неидењето. Плата не треба секој да зема, туку треба после завршената седница и да се дели на седниците а не да си бркаат бизниси и тука ги нема на седниците. Колку пати тоа е речено, свеста кај пратениците веќе надмината. Тоа не може повеќе,,еве каде се? За оние се гледа тука повеќето пратеници што се директори, за него не е денот три дена, или ќе биде во претпријатието директор или ќе биде на седница. За мене секој пратеник штом добие покана за седница треба прво да дојде овде да го пополни ливчето и да влезе овде во салата на закажаното време, па потоа ако има потреба да излезе и да дојде пак. А не вака да се губат денови и само да го осиромашиме овој народ за плаќање на пратениците.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Значи, свеста е во пратениците и одговорноста е во нив, а не во претседателството, кое уредно и навреме ги свикува седниците и нив ги организира.

Молам, ова нека биде и повик дека пратениците треба навреме да доаѓаат на седниците.

Збор има господинот Ефтим Манев.

I/3.-

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Почитувани пратеници, предлогот за донесување на закон за тутун сметам дека постои уставност, постои и потреба, таквата . потреба беше уште од порано кажана, уште со донесувањето на Уставот, сепак, овој закон дојде пред Парламентот. Што би кажал по истиот. Иако предложениот закон треба да го надгради правниот систем и законот да биде усогласен со Уставот, сметам дека овој закон во голем дел не го прави тоа. Зошто не го прави? Не го прави, затоа што истиот многу малку се разликува и од постојниот закон. Предлагачот се обидел да направи одредени промени, кои што ќе го доведат овој закон да биде усогласен со Уставот, но до крај тоа не успеал да го направи, а од кои причини, не знам. Неусогласеноста на овој закон со Уставот се состои во тоа што овој закон и понатаму продолжува да обезбедува монополски карактер со тутуновото производство, кое што нешто се коси со членот 55 од Уставот. Во членот 55 од Уставот е кажано кои дејности од стопанството можат да бидат подвргнати под монополски карактер, а кои не. Монополскиот карактер на овој закон се состои во тоа што формата на организирање производство на тутун е прилично во стегната форма и ги ограничува голем број правни субјекти кои би сакале да се занимаваат со таквата дејност. Истото нешто се провлекува и во делот на законот каде што стои кој може да откупува тутун. Кои се тие причини? Во самиот закон дава повеќе критериуми за да бидат исполнети условите било кој правен субјект да се занимава со организација на производство на тутун и откуп на тутунот.

Една од тие форми е правното лице кое што сака да се занимава со тоа, со таквата дејност треба да го организира производството најмалку на 50 хектари обработлива површина, да заклучи договори,а при откупот на тутун вика потребно е да поседува простор, просторен капацитет за од 500 тони тутун. Зошто тоа? Исто така,го обврзува

правното лице кое што сака да се занимава со таква дејност да има број на вработени луѓе, кои што ќе имаат завршено средно земјоделско или тутунско училиште или висока школа односно земјоделски факултет. И тоа дава одредби таквите лица треба да имаат утврден стаж работено во тутун. Што кажува тоа? Фактички, било кое претпријатие кое што са сега да се занимава тоа може да го направи само претпријатие кое што досега работело таква дејност. Затоа што таму тој кадар го има, на друго место не може да се работи тутун.

По однос на тоа би сакал да укажам на предлагачот, мора да биде пофлексибилен во односот на организирањето на производството на тутун кога ќе поднесе предлог на закон, исто така, и при односот на откупот на тутун.

Не би држело едно размислување тоа да биде анархија. Има начини како да се организира производство на тутун и тоа главно смета дека организацијата на производството на тутун треба да биде во раце-те на тутунопроизводителите и тоа преку здруженијата. Непотребно е тоа што е дадено во Законот тутунопроизводителот кој што сака да се занимава со таквата дејност до 31 март да заклучи договор. Ми се чини дека во тој период на голем број на тутунопроизводители не се ни заорани нивите. До денот на засадувањето на тутунот можат да настанат безброј екцеси и таквиот негов план во голем дел да биде пореметен или да ги опореметти површините ако замислил да сади еден, два или пола хектар тутун може да го зголеми или намали.

На крајот кои се причините тој да склучи договор со било кое претпријатие кое што го организира процесот на производството. Дали има потреба од тоа? Сметам дека таква потреба нема. Договорите се облигаторни, тоа може доброволно секоја странка, секој граѓанин кој што се занимава со таква дејност тој да си -бира кога ќе го заклучи и со кого

ќе го заклучи. Инаку, ако одиме граѓаните да се должни да склучуваат договори токму на тоа подрачје каде што работат, тоа ништо не е повеќе од тоа што било во феудалното општество, земјоделецот да биде закрепостен за земјата и тој да остане да е должен своето производство однапред да го договори, а неговите ингеренции и правата во продажбата се многу мали. Еве и денес се расправа на здруженијата на тутунопроизводителите за цените тутунот треба да отпочне со откуп а уште нема цени. Државата и овој Парламент треба да има интерес за тутуновото производство, како што и досега воспоставило некои односи бидејќи на другиот дел во земјоделството сосема тие односи се напуштени, што можеби треба и во тој дел да завлезат. Но, сепак треба да има државата свои граници. Државата треба да се интересира колкаво производство на тутун им треба, колкаво производство на тутун им треба на странски пазари. Дали треба да го субвенционира, дали треба да го стимулира тој производ колку што сега го има во. Македонија некаде меѓу 20 и 30 илјади тони, дали треба да го зголемува тоа количество или нема да го стимулира и треба да опаѓа.

Неопходно е државата да се грижи колкави количини на тутун ќе биде засадена. Исклучиво тоа може со пријавување преку Министерството за земјоделство и Здружението на тутунопроизводителите. Како што е дадено во Законот сега имаме ние односно сепак нема да имаме целосна контрола, затоа што законот прави некои отстапки од претходниот закон, оној граѓанин што не сака да склучи договор со било кое претпријатие, своето производство треба да го пријави во Министерството за земјоделство. А тој што ќе го склучи, може да биде склучен во 2, 3 или повеќе претпријатија ако се успее да се формира. Тогаш државата, сепак, има многу мала контрола. Колку е производство колку е засадено, површини под тутун и колкаво ќе биде тоа производство.

I/6.-

Јас размислувам и предлагам на предлагачот пријавувањето на тутуновото производство исклучиво да биде кај Министерството за земјоделство односно подрачното или да биде преку здружение на тутунопроизводителите, па тие да го пријавуваат целокупното производство на тоа подрачје на Министерството. Само така би можела државата да врши контрола и да знае колкаво производство на тутун има засадено. Рокови1 се неминовно да се поместат со Предлогот на законот. Пријавувањето, ако прифати предлагачот да се врши во државен орган или во здружението на тутунопроизводителите, тоа да биде до крајот на месецот или некаде 15 јуни или крајот на мај, односно крајот на засадувањето на тутуновото производство.

Прашање е и роковите кои што се дадени во самиот закон периодот на откупот на тутун. Тутунот мора да се откупи од 1 декември до 31 март. Јас немам така богато искуство од другите држави, но сум гледал во одредени периоди во Грција да се продава тутун и во мај и во јуни. Што е тоа што вршиме еден притисок спрема производителот да е должен токму во тој рок да го продаде тутунот. Погрешни се и мерките кои се даваат во законот каде што се наведува дека она претпријатие, она правно лице кое што сака да склучи договор за производство на тутун неопходно е да има обезбедено средства од 20% за авансирање или за откуп на тутун. Ако таквите средства, било кое претпријатие ги покаже на Министерството за земјоделство кое што треба да дава решенија за фирма која е заинтересирана да се занимава со тоа дека има обезбедено средства и тоа во почетокот на годината. Дали тоа значи дека тоа претпријатие тие средства треба да ги стави на посебна сметка или ќе ги чува до крајот односно од кога ќе почне откупот или кога ќе почна авансирањето. Такви средства ниедна фирма не би задржала мртви средства да стојат. Која е таа гаранција дека тие средства ќе стојат токму дотогаш кога ќе треба да авансира или кога ќе треба да откупува. Не го решил предлагачот и фактот кога зборува во овој дел

дека тутунопроизводителот е должен да склучи договор со овластена организација за откуп на тутун и е должен да го предаде на неа, а од друга страна ја задолжува и претпријатието го задолжува дека е должно да му го откупи тутунот. Што ако тоа претпријатие кога тутунот се откупува е и инсолвентно, не е способно да го плати. Какви ингеренции ќе преземе државата тогаш, зашто јас сум должен да го предадам на тој што нема пари. Сметам дека и во тој дел треба да се размисли со законот, ако државата презема такви ингеренции спрема тие претпријатија, да не можат да бидат тие претпријатија какви што се сега. Тогаш тие треба да бидат државни претпријатија. Сегашните претпријатија што се занимаваат со таквата дејност сите се акционерски друштва и не може државата со еден закон да му наложи на еден граѓанин кој што сака да се позанимава со тоа производство да биде должно да заклучи договор со тој и тој. Од тие причини сметам дека во тој дел, јас исто така се произнесов на ЗПК, дека треба прилично тој дел да се разработи и државата да води само контрола во делот на пријавувањето, да се знаат количините колкави се и до тој степен до кој има потреба од таквото производство да го стимулира ако има средства. Ако нема, тогаш државата не може да му нареди на некој ова производство ќе го носиш на овој или на оној човек и да биде во такви рамки ограничено, затоа што тутунот не спаѓа во класата на производи кои што се опојни droги. Не може до тој степен да биде ограничено.

Би ги замолил предлагачите да прибават закони од Турција и Грција, кои што земји произведуваат тутун рамно барем на нас. Според бројот на население Турција има 30 пати повеќе тутун, 30 пати е поголема, а Грција има 6 пати и 6 пати е поголема. Ќе видиме дека таму нешто поинаку е. Јас би сакал да прибават такви закони кога ќе го предлагаат да ги имаме предвид како тие земји работат.

II/1 ДВ/СЛ

**НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:**

Почитувано Претседателството, почитувани пратеници, со промена на општествено - економските односи и врз основа на уставните одредби се налага потреба од донесување на закон за тутун кој ќе базира на едно пазарно стопанство. Таквата потреба од донесуваше на еден ваков закон треба во целост да ја прифатиме но во начело треба да истакнеме и некои недоследности на претходниот закон за тутун и овој.

Во претходните закони, сите сме свесни, а и порано критикувавме дека кооперативните односи не се во целост разработени кое нешто го среќаваме и денес во овој закон.

Јас овде читајќи го предлогот на закон би се навратил само на двата дела , глава II и глава II, односно во организираното производство и во откупот. Мислам тоа се и најбитни делови во самиот закон.

Тоа што најпрвин сакам да го напомнам е дека државата во која живееме односно Владата или ресорното министерство треба да изврши регионализација на подрачјата , односно во зависност од климатските услови да се определи и типот на тутун кој ќе се сади. Дали тоа ќе биде од типот "ЈАКА", "ОТЉА", "ПРИЛЕП" итн., па дури после тоа да им се даде на организациите за производство на тутун исклучиво да се засадува таква сорта на тутун.

Она што спомнав за вториот дел е околу организираното производство на тутун. Веднаш тука ќе напомнам една недоследност. Се вели дека тутунопроизводителите можат да склучат договор со организацијата која се занимава со производство врз основа на оние

услови што се дадени со член 7 , а во другиот случај вели не мора ни да склучат договор со организација која се занимава со организирано производство. Веднаш тука да напомнам дека се јавува една дезорганизација место едно организирано производство. Имено, едните се должни да склучат договор , а со тоа да воспостават взаемни односи помеѓу производителот и претпријатието кое е организирано за производство на тутун и тоа семенски материјал заштитата на тутуновото семе на расадот, заштита на тутунот по нивите и слично, што значи сепак се создава некоја обврска на самото претпријатие, а од друга страна пак оној тутунопроизводител кој склучил договор веќе создава обврска спрема самото претпријатие, да кажеме, во целост да го предаде целокупниот тутун и слично.

Во вториот случај велиме не мора да склучи договор, туку најдоцна до 31 март наредната година може да го пријави во подрачните единици при Министерството за земјоделство, водостопанство и шумарство

Веднаш да кажам дека подрачните единици не се во можност да вршат контрола на тоа производство бидејќи со неставањето потпис на еден договор за взаемна обврска во тој договор, сметам дека тука ќе дојде до дезорганизација на самото производство. Имено, може да се користи неселективно семе, без никаква заштита, да се смени сортата на тутунот, што би значело во прв ред ќе дојде до дезорганизираност башка во однос на квалитетот и квантитетот на самиот тутун. Вакво нешто може да предизвика уште едни други последици. Да се потсетиме н. 60-тите години кога се појави болеста "Перенаспората". Производството на тутун беше намалено некаде 50% и тоа е штета за самите тутунопроизводители, а штета е и за самите откупни организации.

Според мене потребно е да постојат организации за производство и за откуп. Не може да има една само за производство, а друга само за откуп. Тоа да биде взаемно, бидејќи како процес тоа е поврзано едно со друго.

Во самиот Предлог на закон многу малку се среќаваат работи околу самата заштита. Сметам дека тука треба посебно да се издиференцира заштитата, почнувајќи од семето, расадот и тутунот на нива, се како последица на она што кажав од 60-тите години.

За третиот дел каде се зборува за откупот на тутунот во откупни организации. Со овој Предлог на закон се дава можност да се врши откуп и на други организации. Имено, организации кои ќе вршат само откуп . Сметам дека тоа не е во ред. Пред малку напомнав дека во тој случај ќе дојде до надкупување на тутунот. Еве како! Оној што склучил договор со работната. .организација за. производство , тој стекнал односно создал некои меѓусебни обврски со тоа што претпријатието дава определено регресирање: семе, заштита итн. Значи нешто вложува, башка кадар, башка администрирање и сл. Значи таа организација почнала со нешто, а онаа која сака сега само да откупува, а не и да се занимава со производство, тие две организации во стартот не се еднакви. Имено, некој создал некоја обврска, се изложил на некои материјални трошоци, а другиот користејќи го благодеот од претходното претпријатие сега оди чисто само на откуп. Фактички, она што го велиме дека ќе почне и да се шверцува тутунот. Ќе имаме и доста случаеви каде некој склучил договор со едно -претпријатие, имајќи предвид дека онаа организација која се занимава со откуп мора таа нешто да понуди. Не може да се стартува со исто. Инаку, како ќе ги придонесе тутунопроизводителите. Во такви случаеви ќе имаме, оние што претходно реков направиле договор

тутунот да го предаваат на другите организации. Тоа веќе е шверц, наткуп итн.

Понатаму се спомнува дека организациите кои ќе вршат откуп треба најмалку да обезбедат 30% од средствата за откуп од оние планирани количини кои треба да ги откупат. Прво, кои се тие планирани, не се знае. Второ, треба да се обезбеди 30%. Се поставува прашање каде и кога ќе ги најдат тие 70% и кога ќе се исплати. Не е работата да се каже само 70% ќе се исплати. Тука многу битно е и времето кога?

Инаку Македонија како што знаеме некаде во просек произведува 30 илјади тони тутун. Моментално во Македонија имаме околу 24 претпријатија кои се занимаваат со откуп. Сега кога би се дало секоја една организација да има право на откуп, овие 24 сигурно ќе станат 240, бидејќи секој ќе сака да профитира, а не тука навистина да го наплати трудот на производителите. Затоа велам во најмала рака главата II и главата III, каде имаме претпријатија за организирано производство на тутун, истовремено да бидат и претпријатија за откуп, а не да има издвоено претпријатие за откуп.

Сакам да напомнам уште една работа. Во Предлогот на закон никаде ништо не е спомнато околу цената на тутунот. Некои со право ќе рече дека Владата не може да определи цена . Тоа е работа на откупните организации. Меѓутоа, имаме и еден ваков случај. Склучени договори, претпријатието не може да го откупи тутунот. Тогаш се поставува прашање кој е тој понатаму што ќе го откупи тоа производство? Велиме организирано, а средства нема. Сигурно дека треба да постои некоја заштитна цена, меѓутоа, таа заштитна цена кој воопшто ќе ја определи и на кој начин? Имено, сметам дека и самиот текст, а и од досегашната пракса, тутунските здружени^а кои посто^ат и

претставуваат спона, меѓу тутунопроизводителите и откупните претпријатија, многу се малку застапени во самиот Предлог, а и воопшто. Затоа предлагам овие да учествуваат и во определувањето на загарантираната цена. Кога зборувам дека треба да постои една загарантирана цена сакам да кажам дека во изминатите години постоеше диспаритет на тутунот во однос на пченицата. Сметам дека тој диспаритет на некој начин мора да се воведе и денес, затоа што вака како што денес работи и одредена цената на тутунот , таа е депласирана односно инфлацијата си го прави своето. Или пак ако не сакаме некој диспаритет мораме цената на тутунот да ја поврземе со некоја цврста валута, еве како што сега во последно време се врзуваме со германската марка. Кога би станувало збор за една откупна цена треба да седнат на маса заедно со тие тутунски здруженија и Владата да излезат со свои калкулации и секој со своите факти да ги брани тие свои податоци.

Не е тајна да кажам дека во Прилеп барем меѓу тутунопроизводителите постои надеж дека оваа година откупната цена треба да изнесува некаде од 4-5 ДМ. Можеби малку зачудувачки, меѓутоа, ако видиме трудот што се вложува и средствата кои се остваруваат односно личните доходи на претпријатијата кои откупуваат тутун какви се во однос на цената што им се плаќа на тутунопроизводителите претворена во личен доход, не доаѓа ни една десетина. Според тоа треба да се обрне посебно внимание на таа загарантирана цена и малку да се погледне во самите организации кои се занимаваат со откуп. Ако ништо повеќе да се бара барем да се плати реалниот труд на тутунопроизводителите, бидејќи спомнав дека во Македонија некаде од 350 до 400 илјади жители се занимаваат со производство на тутун. Факт е дека со тутунопроизводство се занимаваат социјално загрозените, па немојте да им ја земаме потта точно на тие

социјално загрозени, оние кои навистина немаат а ние и натаму да продолжиме и да ги доведеме до питачки стап. Имено, самите тутунопроизводители бараат точно да се вреднува нивниот труд, ни повеќе ни помалку, а тоа ќе се постигне, како што спомнав ако се седне заедно со тутунските здруженија и со самите откупни организации во асистенција на Владата, односно на самото Министерство. Тие пак здруженија преку свои организирани собири , собранија или слично со самите тутунопроизводители , сигурно ќе издиференцираат некој став.

Еве тоа е она што сакав да го кажам во глобала. Сигурно во втората фаза, ако ништо од ова не биде, ќе кажам уште нешто друго. Молам за тоа се што може и држи да се вгради се с;о цел барем еднаш да се задоволи потребата и правиот труд на тутунопроизводителот. Навистина до ден денес, барем последните десетина години тутунот е депласиран.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас ќе бидам краток.

Во Предлогот за донесување на законот за тутун, како мои размислувања во понатамошните фази на донесување на законот предлагам предлагачот да ги има предвид следните работи: пред се строго да се води контрола во типската чистота на тутунот, односно на регионите каде ќе биде застапен, имајќи ги предвид климатските услови и агро-техничките достигнувања. Понатаму, претпријатијата кои ќе вршат откуп на тутун ДР. вршат откуп и на тој тип тутун кој не е застапен мислам од таа тимска чистота, но да се откупи со пониска цена, а оние кои се задржуваат на типската чистота да бидат на некој начин стимулирани од претпријатијата кои го вршат откупот на тутунот.

II/7

Второ, при склучувањето на договорот за одгледување на тутун помеѓу производителот и овластените претпријатија, цената и класата да биде изразена во цврста валута. Дали тоа ќе биде во долар, или ќе биде во марка, не е важно, важно е производителот кога ќе го склучи договорот со организацијата кога ќе врши откуп на тутун да знае веднаш колку ќе му биде вреднуван трудот. Вака сега се случува да дојде откупната сезона, од 1 декември ќе почне откупната кампања, а производителите на тутун не ја знаат цената на нивната едногодишна мака. Бидејќи 1 декември е на прагот, уште неколку дена, цената откупна на тутунот не се знае.

Исто така, ако се знае дека претпријатијата кои вршат откуп, преработка и пласман на суров тутун и преработка во цигари во изразуваат во цврста валута, тогаш би требало и оние кои го произведуваат да бидат стимулирани во цврста валута. Дека тоа може да биде така е факт што одредени претпријатија кои имаат регистрирано дејност на пооперативни односи , претпоставка откуп на земјоделски производи, за пример ќе ја спомнам "Витаминка" од Прилеп, веднаш се знае колкава ќе биде цената на одредени земјоделски производи, бидејќи се изразени во цврста валута на денот на откупот на тие земјоделски производи, односно на денот кога ќе се изврши предавањето на тие земјоделски производи. Затоа сметам дека и тутунопроизводителите при склучување на договорите треба цената откупна на тутунот треба да биде во цврста валута, но нормално кога ќе се наплаќа да биде во динарска противредност, бидејќи знаеме кај нас платежно средство е динарот.

II/8

Во смисла на агротехничките унапредувања за одгледување на расад и на суров тутун, многу малку е постигнато во овие години бидејќи сеуште производството на тутун се врши рачно, како што сме го имале тоа пред 100 години, и не сме во можност да го зголемиме ниту квантитетот, ниту квалитетот , како што тоа го прави една Грција, или една Турција. Затоа предлагачот во втората фаза на законот кога ќе ја изготвува да го има предвид следното: 5% од продадените ферментирани тутуни и преработен во цигари да оди во посебен фонд за развој на оваа агроиндустриска гранка. Со ова мислам , со тие средства ќе се отпочне да се врши унапредување на агротехничките мерки за заштита при одгледувањето на тутунот, впрочем за овој процент во минатата откупна сезона се има договорено Владата на РМ во присуство на ресорното Министерство и независниот синдикат на тутунопроизводителите. Најверојатно овој предлог во овој закон намерно го има изоставено бидејќи тие 5% место да одат во посебен фонд за развој, сега одат во Републичкиот буџет.

Илустративен пример дека ни треба развој во производството и преработката на суров тутун во финални производи говори колку видови на домашни цигари се со светски квалитет или со светски имиџ, исклучувајќи ги цигарите кои се произведуваат кај на по лиценца.

Исто така, сакам да напоменам дека здруженијата на тутунопроизводителите, покрај набавката каде се споменува во Законот на репроматеријали треба да вршат и стручно советување на тутунопроизводителите преку свои информирања, дали тоа ќе биде со издавање на лист или пак преку средствата за информирање и да имаат редовен контакт со стручните лица кои ги имаат во откупните претпријатија како и с надлежните реонски структури од оваа област кои треба да бидат поредовни на терените за да им се укаже на лице место

на тутунопроизводителите во случај на појава на некои заболувања или превентивна заштита, или пак нови достигнувања во одгледувањето на тутунот.

Исто така, сакам да напоменам дека тутунските здруженија треба да ја играат улогата на струков синдикат во заштита на тутунопроизводителите, а не покрај нив сега да се јавуваат и други независни синдикати во смисла на заштита на тутунопроизводителите. Затоа сметам дека треба да си го најдат своето место тутунските здруженија како струков синдикат и да се борат за заштита на тутунопроизводителите, како во смисла на цената, така и во смисла на одгледувањето и заштитата и преработката на тутунот.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Со предложениот текст на Предлогот за донесување на законот за тутун, Владата на некој начин сака да ги реши овие нагомилани проблеми во сферата на овој вид производство.

Оваа индустриска култура што е сосема оправдано во последно време да се регулира со новиот закон кој ќе биде поприлагоден на сегашните услови на пазарно стопанство бидејќи производството на тутунот има доминантна улога во нашето стопанство. Оттука произлегува потребата оваа индустриска култура да има заштитна цена со што кај производителите би се зголемил интересот за повеќе производство.

Во основните начела врз кои се заснова законот би требало да се најде и оваа законска одредба во врска со цените на суровиот тутун. Со овој акт би се зголемило производството, а тоа е во интерес на државата. Токму од овие аномалии на стариот закон во последно време

во општина Куманово, како еден од главните преработувачи на ова производство, забележиме рапидно намалување на оваа култура, а ова се случи од многубројни причини. Една од тие е што тутунот досега, според законот го немал добиено заслуженото место. Претпријатијата кои вршат откуп, производителите ги довеле во една незавидна положба користејќи ја својата преголема автономија според стариот закон, а според производителите зачестени биле и манипулации.

III/1.-СС/МЛ

**ХИСНИ ШАКИРИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Од Владата барам во предложениот закон да се регулира ова прашање попрецизно, со што ќе се знае кои се обврските на претпријатијата како купувачи и на производителите. Да нема законска празнина и понатаму да се случуваат разни шпекулации со производителите. Се додека не се санира недоразбирањето помеѓу овие два партнери, тутунот ќе бележи и понатаму намалување на производството.

Цените на тутунот, според квалитетот треба да се регулираат еден месец пред да почне фазата на откупот. Да не се случува како порано кога со договорот што се склучува помеѓу претпријатијата, како купувачи и производителите, во текот на почетната година, а веќе до моментот кога се изврши откупот, поради инфлацијата, се губи реалната вредност во однос на другите индустриски производи.

На крајот, предлагам производителите на тутунот и на- таму да бидат ослободени од монополизирање на тој производ во смисла на понудата и побарувачката. Да се изврши исплата на откупениот тутун со денот кога настанува обврската. Тука ми е зборот за претпријатијата што вршат откуп на овој вид производство.

**ИВАН ИВАНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувано претседателство, почитувани колеги пратеници, јас уште на почетокот сакам да ја истакнам значајната улога што ја има законската регулатива, а тука пред се мислам на законите што биле во важност од инатите 40 години од развојот на Македонија, дека имаат одиграно значајна улога во развојот на тутунопроизводството и преработките. Тоа секако , а од друга страна дека тоа има и една значајна улога во севкупниот развој на Република Македонија, како од аспектот на извесното работно ангажираше на

граѓаните, така и од аспект на материјалната основа, како предуслов за нивната животна егзистенција. Меѓутоа, мора да се каже дека како главни актери на законот и на законската регулатива се две лица односно во конкретниов случај тутунопроизводителите од една страна, а од друга страна претпријатијата што се занимаваат со преработка, откуп и продажба на тутунот, исклучувајќи ја за момент и занемарувајќи ја државата како носител на правната регулатива.

Тргнувајќи од ваквата состојба и определбите, нормално се налага потребата оваа законска регулатива да остане и понатаму како една потреба која што од една страна ќе го штити тутунопроизводството, преработките, а од друга страна ќе создава предуслови за понатамошно унапредување на оваа стопанска гранка која што, реков, особено во првите години на развојот после Втората светска војна тутунопроизводството беше една од најзастапените извозни гранки на ниво на држава.

Меѓутоа, мора да се има предвид еден факт кој, преку историскиот развој покажува нееднаков однос или нееднаква положба на главните актери кои ја регулираат проблематиката во законот. Тоа впрочем беше во досегашните дискусии изречено, искажано, што јас исто така, според моите скромни сознанија го делам, односно мислам дека законот онака како што беше поставен, тој беше во позиција на штитеше на интересите и позициите на претпријатијата што се занимаваа со откуп и преработка, за сметка или на лоша страна на тутунопроизводителите кои беа главните носители или би рекол тие што го платија главниот данок во досегашното тутунопроизводство.

Присутни се повеќе примери каде што повеќе граѓани или фамилии кои претставуваа значајни производители на тутунот, во периодот на старосните години останале без некоја посигурна материјална

егзистенција, а за сметка на тоа поедини вработени во претпријатијата што се занимавале со откуп и преработка на тутун отишле со доста солидни пензии и оствариле разни материјални права.

Со ова не сакам да се сфати дека ја минимизирам улогата што ја имаат одиграно претпријатијата за откуп и преработка на тутун. Напротив, мислам дека нивната"улога била доста значајна во развојот, во остварувањето подобар квалитет, па до остварувањето на поголеми финансиски ефекти за државата. Меѓутоа, тој дел на нерамно- правен однос бил присутен, а тој за жал продолжува и понатаму. Морам да кажам дека и во овој дел на понудениот закон, како предлог тој се проткајува и ги става повторно во една нерамноправна состојба овие два значајни фактори во тутунопроизводството.

Од тие причини, вака гледано навистина се поставува прашањето дали е потребно донесување на закон и дали оваа проблематика треба да биде регулирана со една законска основа или таа работа треба да биде препуштена како што е и производството на многу други интересни култури за македонското стопанство. И покрај овие вакви забелешки сум и понатаму за тоа дека треба оваа материја да биде регулирана, ова прашање да биде регулирано со помош на закон, меѓутоа во тој дел мора да се изградат и постават други односи. Но многу од дискутантите укажуваа на конкретни примери во кој дел од решенијата треба да биде обрнато посебно внимание.

Затоа јас, поддржувајќи ја иницијативата односно предлогот за донесување на овој закон, истовремено се залагам за нови посовремени решенија што ќе коинцидираат на досегашните потреби за пазарно стопанисување и што истовремено ќе доведе до исправање на одредени историски грешки што постоеа према оваа категорија граѓани, како што реков, кои својот работен век или живот го завршија со многу скромни

принадлежности и многу скромен живот. Во тие решенија мора да се даде посебна позиција на производителите преку што ќе се овозможи, тука мислам на тутунопроизводителите, треба да се даде една поголема материјална и социјална сигурност преку организирањето на тутунопроизводството.

Од друга страна, исто така треба да се даде поголема слобода или обратно, да се даде поголема слобода во делот на обавувањето на прометот со тутун. Кога го предлагам ова не мислам на создавање анархија или злоупотреба, во однос на делот на прометот со тутун, туку напротив, давање можност пазарните елементи да дојдат до израз и вреднувањето на трудот на тутунопроизводителите да дојде до поголем израз.

Мислам дека само со вакви решенија оваа култура, многу макотрпна, со еден долг процес на производство во текот на годината, на некој начин ќе биде поатрактивна и преку неа ќе може и понатаму да се даде значаен придонес во развојот на македонското стопанство, а со тоа и на македонската држава.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувани колеги, дами и господа. Говорам отворено дека има потреба за донесување на законот за тутунот од причини што во еден дел може да се каже дека производството на тутун е стратешки интерес на државата,па и неговото производство ќе треба да има еден смисол на заштита на истиот.

Меѓутоа, кога со новиот Устав се определивме дека ќе ги почитуваме одредбите на пазарот и ќе се однесуваме според него, ќе треба да биде уметност на предлагачот да најде место во рамките на Уставот да не го оспорува, туку да го надоградува и оваа стратешка производна гранка да се доведе во основа на пазарната економија.

III/5.-

Во оваа смисла, јас ќе појдам по истата дикција по која оди и предлагачот во костурот на законот, почнува од тоа што претставува производството на тутунот, кои се сорти ќе треба да се произведуваат и слично и ќе ги прескокнам првите четири члена каде се говори за друго за да дојдам под удар на одредбите од членот 55 од Уставот на РМ, тоа е одредбата од член 5 на овој закон.

Таму се говори "не е дозволено држење, користење, купување и продажба на суров тутун во лист како и на режан тутун, спротивно на одредбите на овој закон". Значи, веднаш затвора место ка- ко ќе се врши слободниот пазар.

Во членот 55 се говори дека апсолутно се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото што значи дека ако се затвора пазарот по било кој основ доаѓаме во судир со Уставот што овде го усвоивме. За да не биде тоа, нека се најдат посоодветни решенија со што ќе се поттикне производството на тутунот, меѓутоа да не се ограничува неговиот промет и обработка.

Понатаму, доаѓа вториот дел каде се говори за производството на тутунот. Тука, самиот предлагач мислам дека не е доследен на она што го предлага.

Во членот 6 јасно говори кој може да се бави со производство на тутун. Меѓу другите наведува, по правило говори за правни и физички лица. Но, веднаш во членот 7 дава ново решение со кое претпријатие или друго правно лице може да организира производство на суров тутун. Не се гледа што е мотивот на предлагачот кога го напушта генералното решение во членот 6 став 1 кога ги изедначува субјектите на пазарот, и правните и физичките лица, а овде се ограничува само на правните лица. А, да биде поинтересно, самиот предлагач не прави разлика помеѓу претпријатие и правно лице. Во ист склоп говори вака:

"Претпријатие или друго правно лице". Дали овде се мисли на ова Собрание, дали на Врховниот суд на Македонија, дали на Уставниот суд, дали на некое министерство или на Владата што се правни лица и слично, дали нив може да ги земе како правни лица што ќе се занимаваат со лон-претпријатијата како правни лица?

Овде нема децидност и јасност што се подразбира во пред- логот на предлагачот за тоа кој ќе може да се бави со ова.

Понатаму, кога говориме за слободен пазар, тогаш говориме и за тоа на која територија слободниот пазар ќе може да го изорганизираме. Според Уставот, слободен пазар се подразбира територијата на Република Македонија. Ако овде се говори само за организирана територија на 50 до 250 хектари, дали тоа ќе се смета на едно место или на територија на цела Република? Тука не се гледа што мислел предлагачот. Треба да имаме подецидно, законот да не биде нејасен кога ќе дојде неговата примена.

Понатаму, кога се говори, морам овде да напомнам во членот 6, веднаш се поврзувам со членот 16, кога се говори за откуп на тутунот.

IV/1.- /JM/OM

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ :** (Продолжение)

И што се случува? Во член 16 се говори кој може да биде тој што ќе врши откуп на тутун и ги набројува, кажува дека тоа можат да бидат претпријатија и правни лица кои ги исполнуваат условите од член 7, па доаѓа точка 5, 6,7 и 8 тоа е кој состав да биде, кои мерни единици и дали ги исполнува условите за просторот каде што ќе биде складиран тутунот. Не знам зошто ова го чини и овде останува, физичките лица. Веројатно држејќи ја дикцијата од член 7 каде говори само за правни лица, па тогаш и дава откуп на правните лица. Физичките лица кои можат да бидат и те како појаки, да биде економски појак за да може да ја организира оваа работа, со овој закон физичкото лице не може да се бави ниту со организација на производство на тутунот, а уште помалку со откуп што ќе проследи и понатаму и за преработка на суровиот тутун. Што значи една недоследност во примена на Уставот. Една недоследност станува и тука кога говориме за слободен пазар. Во член 16 говори за договор за продажба на тутун. Во член 19 веднаш вели: Откуп на суров тутун во лист може да отпочне откако ќе се утврдат откупните цени. Дали утврдување на откупна цена е последица на пазар, или е решение на орган на управа. Дали може да стане збор за слободен пазар кога веќе ќе се каже може, значи дотогаш никој не може да почне да го откупува тутунот и замислете нема решение кој ќе ја утврди откупната цена . Во еден правец се говори дека тутунот е стратегија, не трпи одлагање неговото производство, а ќе чекаме административна одлука да се утврди неговата цена за да може да отпочне неговиот откуп. Ако е вака до утврдување на откупната цена ако настапат штети во време на преработката , чувањето на тутунот, кој ќе ја плати таа штета? И тоа не е решено. Што значи одејќи на зборот транзиција што ние бевме своевремено од 45 до 1990 година во преодна форма. Одеднаш зборот

преодна се замени со зборот транзиција. Дали сега ова ќе биде пак стариот закон со нови желби. Кога реков дека ќе стане збор и за начинот на утврдување на откупната цена. Видете го предлагачот како говори, говори за договор за откуп . Договорот не значи само количина да може да стане збор за договор мора да се знае што е стоката и која е нејзината цена. Тоа се двата елемента на договорот.

Во член 20 и во член 21 говори за начинот на утврдувањето на откупната цена, и ако дојде до спор околу утврдување на откупната цена кој ќе одлучува? Се поставува веднаш прашањето, на основа на кој договор кој од странките ќе бара исполнување на истиот кога веќе се предвидуваат органи кои ќе ја утврдуваат дополнително цената на тутунот. Ова се нејасни решенија. Самиот закон си противречи на себе. На едно место вели: договор, на друго место одредува кој ќе врши откуп. Значи задржано старо, а сака нешто ново, а тие двете немаат заеднички именител, се косат едно со друго.

Кога доаѓа последниот дел во обработката на тутунот вели: обработка на суров тутун во лист може да врши претпријатие , или друго правно лице и говори ако ги исполнува овие услови. Што сакало со тоа да се каже секогаш да биде некој организатор на производство да ги исполнува овие услови , да може да купи и да ги исполнува овие услови, да може да го обработува тутунот да ги исполнува овие услови Дали ова не е чист монополистички елемент? Го поставувам како теоретско правно прашање. И на него по мое толкување, по мое сознание говорам дека навистина ова е монополскиот дел што сака да се задржи. Ако некој има интерес да го купи тој тутун , јас не можам да најдам одговор да тој има намера да изгуби како партнер. Тој мора да води сметка да го преработува. Ако некој го купи го преработи, тој ќе мора да има сметка и

да го пласира. Ако ова се го затвориме, тогаш пак ќе се доведеме до одлука на министерот за земјоделие на кого ќе му дозволи ова да го чини. И напуштањето на правните лица кои можат да се контролираат со декрет значи задржуваше на монопол. Од овие причини кажувам дека потреба за донесување на ваков закон има, меѓутоа ваквиот текст нема уставна подлога. Затоа ќе треба да му се врати на предлагачот заради немање на уставна основа.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Сакам да ги разберам секирациите на секој дискутант околу донесувањето на ваков закон, но односот на пратениците и односот на Собранието не е на ниво. Би сакал да предложам да ги скратиме овие маки и секој што има понатаму предлози, или вакви дискусии, елаборати итн. да ги достави писмено до предлагачот. Мислам да бидеме на чисто дека атмосферата не е таква како што треба кога се дискутира за ваков закон. Подобро би било секој што има некои забелешки околу овој закон да ги достави писмено до предлагачот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ова не беше процедурално. Пратениците имаат право да дискутираат, но сами треба да ценат дали треба да се елаборира на овој начин итн.

**ЈОРДАН ЗАФИРОВСКИ:**

Чувствувам потреба да реплицирам на господинот Стојановски имајќи во предвид дека беа поставени повеќе прашања Но, јас би му поставил само едно прашање, а на кое тој практично к го знае одговорот. Дали тој може да биде адвокат без канцеларија и дали може да ја обавува адвокатурата ако нема адвокатски испит?

IV/4.-

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ова нема врска со поставеното прашање на дневниот ред каде расправаме по Предлогот за донесување на закон за тутун.

Да се воздржиме од такви прашања и проблеми кои навистина можат да предизвикаат други проблеми.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство, денеска и вчера беа дадени доста забелешки во однос на предлогот за донесување на закон за тутунот. Бидејќи тука доста работи се кажаа, јас ќе бидам краток и ќе кажам само неколку работи. Инаку прашањето на значењето за донесување на овој закон , јас мислам на сите е познато кои се причините зошто се носи , а особено ако се знае дека производите на тутун се доста и предмет на шверц, а државата остварува доста големи приходи од преработките од тутун.

Јас ќе се надоврзам само на член 7 став 1 точка 3 каде што вели: "остварува долгорочна соработка со овластените производители на тутунско семе и обезбедува сортно селекционирано тутунско семе од типови и сорти според став 2 на овој член ". Јас имам тука една забелешка. Мислам дека ова треба да се надополни. , да не мора да биде оној кој што ќе се бави со организирање на производството на тутун, или пак со организирањето на производството на тутун да може да има и услови каде што ќе обезбедува, само ќе обезбедува квалитетно сортно семе на тутун онака по типови како што се бара.

Втора моја забелешка е, треба да се види точка 7. Точка 7 е прашањето на обезбедувањето на финансиските средства. Мислам дека ова прашање по мене е доста строг критериум, особено ако се има предвид дека треба претходно де. обезбедат уште 20%. Вкупно значи

по мене ако некој се бави со производство и со откуп на тутун треба 50% од средствата исклучувајќи ги средствата кои што се даваат во вид на аванси. Според тоа мислам дека тоа е еден од условите што ќе го отежнуваат производството , односно откупот. И заради тоа предлагам овие проценти да бидат помали. Ако останеме на ова, по мене значи дека ние остануваме на тоа да ги заштитуваме така наречените монополи кои што беа и досега. Мислам дека таква работа не ни треба, бидејќи таа работа е спротивна и со Уставот. Во членот 55 јасно е речено дека државата превзема мерки против монополите. Има една недореченост во однос на членот 16 каде што е обработено прашањето на откупот. Мислам дека одреден пропуст постои . Точките 5, 6, 7 и 8 по мене иако претставуваат голема либерализација, сепак не се по некои посебни услови. Добро е да не се некои посебни услови, меѓутоа сепак мислам дека може нешто од тој аспект да се уредува.

Во членот 9, а тоа се проткајува и во член 2 4 има одреден услов да претпријатието кое ќе се бави со производство, односно со откуп дека не ќе може да се бави со тоа производство ако претходно не добило решение за исполнување на условите. Мислам дека овде и ако во завршните одредби тоа е речено дека треба еден момент да се има во предвид, дека одредени, овој услов е спротивен на условите кои што постојат во прописот за упис во судскиот регистар. Тоа е мое лично мислење, бидејќи во условите не е речен ваков услов, не постои. Според тоа, треба да видиме, да не бидеме спротивни на уредбата која е во примена. Тоа исто реков се провлекува и во член 24. Лично мислам дека предлогот треба да го прифатиме и тој да оди во понатамошна постапка. За тоа како мисли Владата, дали ќе оди поскратена постапка во однос на тоа да ни предложи веднаш Предлог закон, или преку Нацрт, нека оценат.

IV/б.-

**ТИМЕ АНДОНОВ:**

Почитувани пратеници, иако веќе се кажаа многу забелешки, јас би кажал само неколку збора, бидејќи е потребно затоа што се работи за една како што велиме стратешка култура. Потреба за донесување на овој закон сигурно има потреба не од денес, туку тоа требаше да го направиме уште пред три години со стварањето на овој парламент, иако и јас лично имав барање уште во тоа време во почетокот, до тоа не дојде, а сигурно на сите нас ни е познато, затоа што сака да се држи еден монопол барем во оваа дејност. Сигурно дека овој закон е по либерален, но има доста недостатоци. Затоа Владата треба на овој проблем да пријде многу посериозно. Само ќе направам некои споредби. Рековме дека оваа е стратешка култура и дека само 6% од општествениот производ учествува во општествениот производ, а додека 400 илјади граѓани работат на оваа култура. Односот од вкупниот број на населението и 400 илјади производители е еден спрема пет, а 6%. Значи се работи за многу сиромашна култура, непродуктивна. Од друга страна претпријатијата кои што имаат монополски третман се најјаки организации во Републиката. Тоа му е јасно мислам на секој во Македонија. Значи овде има некоја контрадикторност. Затоа велам дека мораме ние да имаме како парламент, како Влада многу поголемо влијание, всушност сега со донесување на овој закон и со водење на политиката и на парламентот и на Владата треба производителите на тутун да се доведат во многу по поволна ситуација. На сите ни е јасно дека овие претпријатија се како држава во држава. Јас ќе ви дадам само примери зошто и ние како пратеници, па и Владата немаше моќ да и наметне некои работи што не се прават како што1треба. Имено 1992 година што се вели и во овој закон претпријатијата се должи, претпријатијата за производство да авансираат, да имаат пари за авансирање и за кредитирање, средства што се потребни за

производство на тутун. 1992 година и со водењето на политиката на примарна емисија и средства од банките авансирањето на тутунот .се водеше со каматата што се определува од Народна банка плус деловните банки и плус камата од организациите кои се занимаваат со оваа дејност. Зарем е тоа потребно за тој што работи најниско доходовна култура од една страна да го присилуваш да работи, да мора да се пријави за одредено време, да не му дадеш да го продаде никаде на друго место, а на крајот и двојно да го окаматуваш. Организациите за откуп на тутун се однесуваат и како финансиски организации, а од друга страна се проповеда една политика дека ете, овде се авансира, се кредитира, организациите се грижат. Јас тоа го барав и на Комисијата и извештај да се изготви ама за тоа и Владата немаше сила. Мислам дека не е во ред и во закон треба да кажеме ако определуваме дека овие претпријатија треба да вршат авансирање за производство на тутун и кредитирање, тоа треба да го врземе и Владата да има многу поголемо влијание при определување на овие стапки. Не е тоа авансирање ако двапати се окаматуваат некои средства,а да се вели дека се грижи за таа гранка на производот.

V/1 CJ/НД

**ТИМЕ АНДОНОВ:** (Продолжение)

Исто така во овој закон треба да се воведат некои одредби во членовите и да се даде поголема конкуренција иако факт е дека како држава Македонија, мислам како власт, треба да има одредена рака на тутунот, но тоа сепак може да се дефинира со многу поголема конкуренција а сепак тука да биде присутна и власта.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, јас се сложувам со колегата Луловски, што поднесе таков предлог, меѓутоа тоа може да важи за наредните седници, овие да бидат писмен подготвени, овие се белешки и не може да ги предложиме сега ние како материјал, затоа ми се чини засега тоа е неприфатливо, а за во иднина ако го усвои тоа Парламентот тоа ќе биде исправно. Но, сега овие хиероглифи да ги приложиш таму што ќе разбере службата за да ги внесе во евиденцијата за донесување на Законот.

Не сакам да зборувам за вложениот труд, исто така и за маката што си ја произведува тутунот, доста е тоа, а јас прво би рекол, доносителите на законот па и сите ние, знам дека го имаат читано, но ако го имаат прочитано она во збирката на Кочо Рацин, Тутуноберачите и Ленка доволно зборува каков труд се вложува и не треба да биде никој поголем од него за да ги каже маките и страдањата и вложениот труд за производство на тутун. Доволно е само да се спомне "Ленка" и "Тутуноберачите". ВО врска со тоа јас би рекол само неколку зборови. Го поддржувам предлогот на Комисијата за земјоделие и шумарство односно заклучоците што го прочита претседателот на оваа Комисија да бидат сосема вклопени во донесување на овој закон и на тој начин ми се чини доволно се таму внесени заклучоци каде ќе зборуваат за

V/2

првичноста и законитоста за производство и за откуп, а и за донесување на цените на откупот. Не се сложувам со неколку работи со тоа дека морало овој монопол да се држи, ако бил расадот во други раце дека ќе бил неквалитетен, болен, но ние кога ќе се ослободиме од тој монопол. Велиме дека одиме кон пазарно производство кон приватизација и така ќе поддржуваме, како е тоа во другите држави, еднаш мораме да одиме ан тоа и да грешиме, понатаму ќе ја исправиме ситуацијата. Не можеме ние се да му дадеме, а мора оној семето. А како се произведува семе во Грција кога не е таков монополот, како се произведува во Турција кога не е таков монополот? Значи, ние грешеле или не мора еднаш да одиме кон овој напредок со укинување на тој монопол и тоа постепено. Можеби не 100%, наеднаш систематски ако ќе се развива така да се укинуваат тие монополски норми. И, едно да се има во предвид дека со донесувањето производителите на тутунот особено произведуваат тутун на најслаби површини, исцепкани, мали, каде што нема ни наводнување, ни ништо, и благодарение на нивниот голем вложен труд успеваат да доведат до производство скапоцено кое што е од огромно значење за ова наша држава, а при откупот на тоа не се гледа каков труд е вложен туку се гледа од една комерцијална база и производителот не добива можеби ни една десетина од вистинската цена на тутунот. Јас ве прашувам, каде оди таа друга сума на откупот на цената? Зошто се уценуваат производителите, им велат ако сакаш, затоа треба да го рушиме монополот, ако сакаш ќе добиеш шпорет за парите, тросед. Па каков е тој начин ве молам за ти да му одредуваш што има дома да си купи човекот. Тоа не смее така да биде. Можеби на слама ќе лежи, а ти сакаш да има кревет.

Ако е така зошто и во монополот не им речеш на тие директори да зема шпорет а да не земат плата. Значи ова важи само за аргатот, удри по

аргатот, удри по аргатот, директорите прво нека земат шпорети и др. па потоа ќе им речеме на тутунопроизводителите, ете гледаш кога зедоа овие таков материјал мора и ние да земеме. А тој си ги зема парите, платата, а за овие нема плата, немало производство не е продаден тутунот, ќе им дадеме шпорет и кауч. Значи, сосема ги уценуваме, нашите производители ги тераме и малку што бараат животен стандард да подобрат, ние ги тераме сосема и тоа да го укинат и да нема производство.

Со оваа цена што сега ќе им се гарантира, јас зборувам за цената а не за законот, ова е малку идеологија на другата основа, зошто цената се одредува при склучување на договорот. Секогаш треба да ги оставиме договорите отворени, какви ќе бидат ~пазарните цени на другите производи, како ќе варираат тие, ние се врзавме со марката, штом се врзавме со марката треба ако изнесувале тогаш толку фенинзи или толку марки и сега треба толку да биде. Е, тука ние не ја одредуваме цената,не ја оставаме на исто ниво од пред една година, сега ти му го плаќаш производството по одредени цени, за тоа време, за таа година, за пред десет месеци, реални, сега со оваа инфлација се сведени а нула. И затоа, од вкупните пунктови не треба договорите да ги склучуваат и цената да ја фиксираат тогаш,а цената да биде оставена и да ја диктира пазарната економија.

Исто така ние не можеме да ограничиме да биде еден купувач. Можно е неколку, но мора да има конкуренција. Ако нема конкуренција нема разлика, нема покачуваше на цените ќе го држи тој монопол како досега, ќе му дава шпорет и песната ќе заврши. Но, тој другиот што не дава шпорет, таму ќе го однесе тутунот. Затоа ќе треба во законот да се води сметка оти веќе ги намалуваме произведувачите со ваквите одредени норми и откупни цени на тутун.

За оваа година хо треба да се  коригираат сто посто цените за да се добие реалната цена на тутунот. Благодарам.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници, еве после дискусијата на господин Трајан Мицевски, мене не ми преостанува ништо друго туку да бидам сосема краток. Не би сакал да зборувам за значењето за донесување на овој закон со оглед на тоа дека беше речено доста и претходно мислам дека и малце доцниме со донесувањето на овој закон, треба да се размисли и за фазите, дали треба нешто да се скрати имајќи ги предвид наследените проблеми во оваа сфера. Тука свежи ми се сеќавањата на проблемот со "Јака" Радовиш, потоа блокирање на некои магистрални патишта, Прилеп па и така натаму, се ова доведува до тоа што побрзо да го донесеме овој закон.

Со овој предлог се настојува да се регулираат доста односи во оваа сфера и затоа и со предлозите кои што беа дадени овде треба што побрзо предлагачот да излезе според мое мислење со Предлог на закон.

Би сакал нешто конкретно околу член 21 бидејќи тука се спомнува во случај на приговор проценката ја врши трочлена комисија, имам сугерирање од производителите на тутун од Западна Македонија претставници од Министерство за земјоделие секогаш се исти, би требало тука да се стави една нова алинеја овие лица да не бидат постојано секоја година по ред.

Штос е однесува до откупот мислам дека овде треба да ги поддржуваме предлозите што се понудени во овој Предлог закон да тука тие кои што имаат, односно кои ги исполнуваат условите според законот и кои што плаќаат повеќе тие треба и да вршат откуп, а не монополот да

го имаат во откупот Здруженија како што е Здруженија на земјоделци, здруженија на тутунопроизводители итна. Сметам дека тоа е едно надминато решение и затоа треба да си најдат нови форми во духот на пазарното стопанство.

Ги поддржувам добар дел на дискусии ко што ќе бидат составен цел на овој закон и сметам дека ќе го имаат во предвид при наредната фаза наизготвување на овој закон.

Благодарам.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, во врска со денешната расправа по Предлог законот за тутун и покрај атмосферата која што владее во Парламентот на начин на кој се однесуваме кон оваа расправа интересот на дискутантите и искажувањата на голем дел од оние што дискутираа, кажаа и најавија всушност дека се работи за сосема сериозна тема кога се работи за Република Македонија, јас вака би рекол, имајќи ги во вид сите параметри кои ги опфаќа тутуновото стопанство во РМ, кои беа елаборирани уште од првичното излагање овде на заменик министерот на вчерашниот ден, преку искажувањата на сите пратеници овде, а се содржани џ во образложението кон Предлог на законот што е за тутунот.

Јас немам многу да повторувам или ќе се обидам да не повторувам дел од искажувања што беа на таа линија, но мора да се каже дека значењето на тутуновото стопанство за РМ е повеќекратно и тоа од неколку аспекти. Покрај тоа што има значење, пред се економско, затоа што основниот мотив за обавување на оваа дејност е економскиот фактор, мотивот за остварување порано на доход во иднина на профит, а преку него се остваруваат и други функции, дури мислам дека нема да биде претерано ако се каже дека производството, обработката и

продажбата на тутунот и вкупното тутуностопанисување во РМ претставува еден од сегментите на одржување на оваа држава во минатото, а мислам долго ќе биде и во иднина. Тоа е пред се економ-ските ефекти кои што се постигнуваат во однос на тој дел.

Мислам дека ваквата констатација може да постои кажана е и сега и за во иднина и тоа благодарение на сите субјекти кои учествуваат во тутунопроизводството, почнувајќи од примарниот производител кој го нарекуваме тутунар, тој беше изнесен во цифра, сега во соодноc во вкупното работоспособно население фрапантно за Република Македонија негде околу 400.000 жители од Републиката, кои на некој начин се поврзани со тутунопроизводство, па преку претпријатијата кои се занимаваат со оваа дејност и другите сегменти, пред се научниот институт за тутун во Прилеп, науката на Земјоделскиот факултет и другите научни установи вклучувајќи ја тука и државата присутна во целиот овој период во развојот на тутунското стопанство. Несомнено дека таквиот придонес на овие субјекти на оваа стопанска гранка и во дел на оваа стопанска гранка е впечатлив и на првичен поглед, а исто така може да се каже дека и положбата на овие субјекти во вкупното тутуностопанство беа различно поставени пред се од нормативната дејност и односот на државата према овие различни субјекти, а се чини дека споредено по многу параметри, дека првичниот субјект, индивидуалните тутунопроизводители се тие субјекти кои најмалку добивале од економскиот дел од ова тутунско стопанисување.

Таквите причини, според мене, се наоѓаат пред се во нормативната и поставеноста на вкупната организираност на тутунското стопанство во Република Македонија и Предлогот на овој закон прави по мене мала но радикална промена која ќе значи пред се менување на односот помеѓу

овие субјекти и ниванта поврзаност во тутунското сто- панство во корист на примарните производители што ќе значи и интер акциско враќање за остварување на стратегиската цел за остварувањето на поголема профитабилност изразена низ цифрите што кажавме дека досега се движеа негде околу 800.000 милиони годишно во РМ, да таа профитабилност се изрази до можната 150 или 200 милиони што може, и има примери во светот при додатни импулси на организација на работа и внесување на нови технолошки моменти постојното производство на нивото од квалитетите да содржи, се остварат цифри од профитабилност на стабилно ниво за еден период и за еден пократок период се остварат цифри што можат дури да ги дотираат економските ефекти од таквото стопанисување.

Мислам дека овој предлог закон го отвора прозорчето за една таква можност, но веројатно дека треба да бидат додатни напорите што треба понатаму перманентно да се прават на релациите во организирање на тутунопрозводството за да може да се оствари оваа крајна цел.

Јас ќе изнесам неколку забелешки кои лично сметам дека предлагачите треба да ги имаат во вид, пред се треба да го направат овој закон прифатлив во таа сфера и што до крај ќе ги обезбедат намерите и целта кои треба да се остварат со овој закон затоа што внимателно ако се погледнат одредбите од законот кријат одредени замки кои можат да бидат кочница и одредени решенија кои се законски на линијата на либерално решавање на овие проблеми и остварување на главната причина и уставните определби за слобода на пазарот и еднаква правна положба на сите субјекти да биде на некој начин загорчена од одредени други решенија кои јас ќе ги посочам молам предлагачите да ги имаат во вид и писмо во наредната фаза да се искажат по нив предлагачите дали ги прифаќаат или не, а доколку не ги

прифаќаат да дадат соодветно образложение, а тоа е следното:

Мислам дека уште во начелата врз кои се заснива овој закон и причините пред се треба да се истакне начелото на слободно организирање на правните субјекти во производство, откуп и обработка на суровиот тутун во лист и јас би додал и "продажба" затоа што продажбата како сегмент е изоставена во вкупното третирање на оваа материја на законот и мислам дека нужно треба да биде обработен и тој дел затоа што се кријат замки да одредени натурени договори по содржина ја обезбедат остварувањето на оваа слободна организираност на правните субјекти. Ваквото начело да биде примерно во донесувањето на овој закон, а после другите начела да следат организирано производство, производство на тутун по сорти и на крај заострување на казнените санкции за еден таков начин на организирање. Во таа смисла јас ги имам и следните забелешки:

Во членот 1 со овој закон се уредува производство, откуп и обработка на суров тутун во лист да се додаде и продажба затоа што веднаш во членот 5 веќе предлагачот ја третира продажбата, а додека во начелниот член 1 воопшто не ја третира продажбата и нужно би требало тука во членот 1 да се обезбеди тоа начелно правило. На таков начин ќе треба да произлезе дека во членот 3 на начин во кој се толкава производството на суровиот тутун, откупот на суровиот тутун и обработката на суров тутун на начин на кој законски се дефинираат да биде дефиниран во посебна алинеја и продажбата што под неа се подразбира.

VI/1 ЛП/ЛБ

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ**: (продолжение)

Еве веќе веднаш во членот 5 се вели: "не е дозволено држење, користење, купување и продажба". Значи , во негативните одредби предлагачот предвидува да биде таа категорија како предмет на регулирање на овој закон , додека во афирмативните одредби ја испушта од предлог на разработка. Мислам дека нужно треба и тој сегмент да биде регулиран.

Она што посебно законот го прави квалитетен, тоа е ставот 2 на членот 6, каде што вели дека производство на суров тутун во лист производителите може да организираат сами прв пат, што значи се дефинира и ја отвора и отшкринува вратата за можноста да се внесе пазарната еднаквост и овие субјекти да се стават во порамноправна положба во однос на другите субјекти кои учествуваат организирано во тутуновото стопанство. Тоа е еден позитивен аспект и треба да се опстои до крај од страна на предлагачот ви за ви некои предлагања од оваа говорница што се слушнаа дека тој сегмент треба да отпадне во регулирањето на законот. Лично сметам, до колку оваа можност предлагачот ја запостави во конечниот Предлог на закон, тогаш не треба да го донесуваме законот, може да опстојуваме и на стариот закон или пак тогаш ќе се постави прашањето што со субјектите во тутунското стопанство во Македонија, на кои од една страна му овозможуваме со законот за приватизација приватизирање, мислам на претпријатијата, а од друга страна внесуваме норматива која им обезбедува апсолутна монополска положба, што би имплицирало дека во еднина тие претпријатија би требало да се поддржуваат да станат јавни претпријатија. Никаде во Предлогот на законот не сретнав предлагачите тоа да го предлагаат како начело, дека оваа сфера треба да се поддржа-ви, дека треба да стане предмет на јавно регулирање, туку дека апсолутно и тие субјекти треба да се вклопат во процесот на

приватизација, што всушност тие го направија по оној претходен закон на Анте Марковиќ, најголем дел од нив, мислам дека стигнаа во една повисока фаза на приватизација и добар дел денес, ако не и сите, функционираат како акционерски друштва. Таа граница предлагачот треба реско да ја расчисти затоа што ќе дојде во судир пред се со Законот за приватизација кој го донесовме, каде што кажавме дека монополски организации не ќе може да се приватизираат во оваа фаза. Ако сакаме тие цели да ги постигнеме, ќе мора да се даде можност и овие субјекти да бидат ослободени од таа монополска положба.

Прашањето, на кој се регулира ваквата состојба за организирано производство и кое се однесува на сите субјекти кои учествуваат во производството, прометот и преработката на тутунот, е регулирано пред се со условите кои за сите субјекти се поставуваат во членот 7, изразени на ваков специфичен начин на кој ги има предлагачот. По мое мислење добар дел од овие услови се на линијата за залагање за зачувување на сортно" и квалитетно производство во РМ, со кое ќе се задржи сегашното профитабилно ниво во Републиката, а добар дел се кочница, напротив, спротивност која може таа декларативност на некој начин да ја направи само декларација и да се запостават тие фактори. Еве, поединечно ќе се изјаснам за сите.

Мислам дека првата одредница дека претпријатието или друго правно лице може да организира производство на суров тутун во лист, првиот услов дека дел е прифатлив. Таквите субјекти во сопствените редови да имаат стручен кадар кој ги исполнува условите, но никако да се определува и големината на реоните на кои може да се одгледува, како услов да се организира производство на суров тутун, да се организира туунопроизводството. Во вториот дел, кој за мене е прифатлив, одреден кадар овде изразен преку висока стручна подготовка и средна стручна подготовка. А одредени профили, јас би сака предлагачот тоа да го прецизира. Ништо не би кажале, или која е

намерата на предлагачот ако се има земјоделски факултет, а при тоа не се определи профилот на тие стручњаци. До колку се работи за земјоделски факултет од земјоделска насока или полјоделска како ја викаат тогаш тоа е прифатливо и тоа треба да се прецизира. Но за мене никако не е прифатливо на ваков начин, што е можно толкување дека тука би можеле да бидат и оние овоштари и сточари кои се нужни за тутунопроизводството. И тоа треба да се прецизира. Мислам дека за одредени реони, како што е на пример општината Демир Хисар, која што по своите параметри на неразвиеност има проблеми и од обезбедување на кадар и од ваков профил, за да можат повеќе субјекти конкурентно да се носат во тутунопроизводството, да може да се даде можност покрај VII степен за ваквите поисклучителни случаи за неразвиени подрачја да се обезбеди да може да организираат и оние субјекти со VI степен, со оглед дека таков кадар продуцира Вишата земјоделска школа во Битола и овие подрачја, пред се и подрачјето од каде што сум и јас располага со таков кадар и ќе може практично да биде остварлива оваа норма. Во спротивност за ваквите подрачја оваа норма ќе биде само декларација.

Вториот услов кој е предвиден во членот 7 или точката 2 мислам дека воопшто не е потребен, затоа што обезбедувањето на финансиските средства претставува пред се прашање на договорниот однос кој треба да го вклучи тутунопроизводителот со соодветниот друг субјект. Со оглед дека договорот претпоставува слободно изразена волја за сите елементи што Законот за облигации ги предвидува, по кој треба двете странки да се договорат, апсолутно е ирелевантно дали странката ќе ја даде својата доверба ка субјект кој ќе поднесе таков формално правен доказ или на субјект кој нема да поднесе таков формално правен доказ. Всушност, поднесувањето на таквиот формално правен доказ за да се регистрира, бидејќи се бара и регистрација на таквата фирма би

значел само формален приод на проблемот, а не значи, бидејќи постои временска дистанца од 10 месеци од вклучување на договорот до продажбата на тутун и реализација на цената за тоа дека и во тој момент тие субјекти ќе бидат солвентни да можат да вршат исплата. Мислам дека оваа точка 2 како услов воопшто не треба да постои дека ја замаглува целата ситуација.

Точките 3,4 и 5 мислам дека се опстојни точки, на кои предлагачот треба да опстои понатаму, затоа што се работи за услови од чисто стручен карактер кои го заштитуваат тутунопроизводството евентуално од мутации во наредните години, сортни мутации кои катастрофално би се одразила на квалитетот на производството и вкупно на побарувачката на кој наш тутун на обезбедените странски пазари и мислам дека се добри определени, а за тоа зборуваа и повеќе пратеници овде од постоењето на таква опасност.

Исто така, мислам дека треба да отпадне точката 6 или да се преформулира, поимот "да има обезбедено стручни кадри" во смисла на тоа под поимот "обезбедување " да се разбере дека тие правни лица можат да обезбедат стручни кадри и вон редовен работен однос преку хонорарен работен однос од профили кои ги исполнуваат стручните образовни услови и кои имаат соодветно искуство во тутунската индустрија. До колку за нив бараме редовен работен однос и искуство на такви профили, тогаш можеме да ги најдеме само во постојните субјекти и мислам дека оваа одредба претставува пречка за слободна конкуренција во натамошната реализација на декларираниот принцип на слободно претприемаштво и пазар. Предлагачот нека размисли за форма како таква одредба не би била кочница, а исто така да обезбеди соодветна стручност во тие претпријатија и на потребни стручни кадри и со норма на законот.

Исто така и точката 7 треба да отпадне од причина што и при откупот треба да се има одреден процент на средства, затоа што е слободно договарање на субјектите во однос на тој дел. Или до колку предлагачот, понатаму ќе видиме, се определи за нужна гарантирана цена, што според мене треба да се направи, оти сите овде зборуваат цена, при тоа кажувајќи различни категории, мислам дека во оваа прилика ние не можеме да зборуваме, при донесување на овој закон, за други видови цена, исклучиво можеме да зборуваме само за гаранти-рана цена, за која ќе кажам свое мислење и која мислам дека треба да се внесе во овој закон, вкупност, да се обезбедат цврсти и јасни критериуми на кој начин претходно уште со законот ќе биде позната гарантираната цена, да знаат производителите. Претпоставувам дека онаа господа која ги разбира категориите на цени знае што е гарантирана цена, а знае што и пазарна цена, откупна цена итн. и мислам дека треба да биде јасно дека јас зборувам само за гарантираната цена. Ако државата има посебен стратегиски интерес, како што се вели во Предлогот на законот, тогаш тоа треба да го обезбеди до крај со инструменти, а и со ваков инструмент како што јас коментирам во овој момент, тоа е со гарантирана цена. Во спротивност, сето што е пишано во законот би било декларација.

Во членот 9 ставот 2 мислам дека е проблематичен на ваков начин како е срочен дека важноста на решението на член 8 став 1 на овој Закон престанува со завршување на производната година, која започнува на 1 април и трае до 31 март наредната година, календарска, затоа што мислам дека имплицира дека решенијата кои треба да ги издава Министерството за земјоделство за обавување и на оваа дејност на новите субјекти кои ќе ги исполнуваат условите и на постојните субјекти кои треба да се пререгистрираат да ги исполнат овие субјекти, внесува

несигурност кај нив дека тоа се добива само за една година. Мислам дека децидно треба да се каже, до колку се утврди дека се изгубени условите од членот 7, за кој претходно реков дека два од нив треба да отпаднат, само во тој случај да се губи дозволата или лиценцата за обавување на таа дејност, а не претходно да се определува дека важноста на решението трае само 1 година.

Во членот 10 мислам дека е вред само првиот став, додека вториот став каде што се определени девет точки, каде што е определена содржината на договорот воопшто треба да отпадне затоа што според мене не е предмет на законска регулатива ниту може да биде содржината на договорот согласно општиот закон, Законот за облигациони односи, каде што се бара посебна форма на договорите само за недвижностите, земјишта, згради итн., додека се друго што е предмет на договарање е оставено на слободна диспозиција на странките она што ќе се договорат, тоа е содржина на договорот и не треба да се пропишува со закон, со норма. А доволна е одредбата на ставот 1 дека за организирано производство на суров тутун во лист производителите и претпријатијата на организирано производство склучуваат договори најдоцна до 31 март во тековната година. Јас мислам дека само овде по мое мислење треба да се измени датата 31 март, со оглед дека 31 март е и крајниот рок кога се врши и откупот од претходната производна година и добар дел од производители во вој преоден период, кога треба да бараат нови субјекти за да се повратат со нив во тутунопроизводството, можат да бидат уценувани од досегашните договорувачи во однос на утврдување на откупните цени до 31 март, туку тој период да биде продолжен до 31 мај во таа година, да има еден меѓу период кога претстои период на семенско производство на тутунот во леи и кога самите субјекти веќе ги знаат и параметрите на тековната економска политика, климатско почвените услови во соодветната година

и да се определуваат за количини и субјектите, другите кои ќе ги објават своите услови во тековната година да можат да бираат субјект со кој ќе ги склучат своите договори за тутунопроизводство. Во спротивно, на ваков начин му ја скратуваме, но не велам оневозможуваме можноста за избор на партнерот или може да биде можност за скратување.

На ист начин во членот 12 став 1 да се продолжи тој рок, пријавувањето на оние што не ќе склучат договори до Министерството за своето тутунопроизводство пријавата да ја поднесуваат не до 31 март туку до 31 мај откако претходно ќе видат дека сите пазарни субјекти во РМ не им даваат доволно гаранција за да можат да склучат договор и тие субјекти да ги објават своите услови, па тотоа да се определат дека со никој во тој момент нема да склучат договор туку директно ќе го пријават своето тутунопроизводство со државата, а дури некаде во откупот, кога почнува откупот на тутунот пред 1 декември во тековната календарска година, да можат пред три дена или пред недела или пред 3 0 дена да склучат договор онака како што предвидува законот во натамошните одредби.

Мислам дека во членот 13 ставот 2 воопшто не е потребен, дека непотребно го оптоварува законот, затоа што претходно се под- разбира од ставот 1, произлегува она што е определено во ставот 2 и не сакам да го коментирам.

Исто така, и за рокот , сега веќе овие рокови ако бидат прифатени или ако на таков начин предлагачот се одлучи со 31 мај, нужно ќе биде и рокот во ставот 3 на членот 14 наместо 15 мај до 15 јуни најдоцна да можат претпријатијата да ги заклучуваат книгите за евиденција на своите тутунопроизводители и да ги доставуваат до надлежното Министерство, подрачната единица на Министерството за доставување на тоа, за да се има евиденција кои се, како и на кои парцели произведува тутун во

соодветната производна година.

Во одделот за откуп на тутунот, во членот 16 мислам дека дел од ставот 6 на крајот - "заверка на примероци и мостри се врши во соодветна асоцијација на тутунското стопанство во присуство на претставник на соодветно здружение на тутунопроизводителите" - е дискутабилна пак од аспект на ова прокламирано начело на слобода на пазарот затоа што мислам дека асоцијациите на тутунското стопанство на начин на кој сега се регистрирани, а тоа е и видливо од дописот што нам овде ни е доставен од Стопанската комора на Македонија и Здружение на тутунското стопанство од 5 април 1993 година дека всушност пред се не ги штитат интересите на своите субјекти подеднакво.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:** /Продолжение /

Дека ред се наклонети фаворизирано се на овие субјекти кои се пред се членови на тутунските претпријатија. Мислам дека постои ваков начин за одредено решение можност од опструкција на примена на оваа одредба толку рестриктивно што може декларација да биде слободната примена на нормата, затоа предлагам можно решение завераката на примероците да се врши на подрачната единица на Министерството аз земјоделие во соработка не со соодветното здружение на тутунопроизводителите, туку со здруженијата на тутунопроизводителите било кој ќе го одбере или ќе се договорат самите тутунопроизводители. Претпоставка е дека при вакви услови дека ќе се формираат и нови асоцијации и здруженија на тутун ;производителите, дека нема да се остане само на организацијата на оваа форма која сега егзиститира во Република Македонија. На ист начин треба да се регулира и ставот 5 од членот 17, затоа што создава такви можности и во членот 19 каде се утврдува дека со откуп на суров тутун во лист може да се отпочне кога ќе се утврди откупната цена, мислам дека овде просторот каде што треба предлагачот да најде можност да предвиди параметри и норми, критериуми врз основа на кои ќе може секоја година да се утврдува гарантирана цена за откуп на суров тутун на лист во РМ, што нужно треба мислам во оваа фаза да го направи предлагачот, тие критериуми мораат да почнуваат врз основа на научни и егзактни податоци од досегашните искуства што досега во образложението ги немаме, јас мислам дека на пр. можни се параметри одредена просечна цена остварена на продаден тутун во минатата година на странски пазари од тутунските претпријатија за продажба, одреден процент 30%или 40% од таа цена гарантиран со факторот на климатско- почвените услови за дотичната откупна година и коригиран со ракторот за квалитетот на тутуновото производство до дотичната година. Мислам дека само една

таква сигурна гаранција за која многу одамна се залагаат може да даде вистински резултати во понатамошниот период од примента на овој закон каде што сите субјекти ќе настојуваат да се борат да ги достигнат тие параметри и ќе има одредена сигурност во договарањето. За почеток тие критериуми можат да бидат поблаги , но со тек на време колку ќе се создаваат повеќе, или ќе се променувата полоши услови, бидејќи оваа култура многу зависи и од странскиот пазар, коњуктивноста на странските пазари, автоматски таа висна на цената да биде променлива од година во година. На ист и членот 22 начин треба во членот 20 ставот 2.да се направи пофлексибилен во однос на исполнување на стручната спрема. Мислам дека процената на комисијата на членот 21 став 1 на овој Закон е конечна поврзано со одредбите на другите членови каде што се предвидува високи казни дека сите тутунопроизводители мора да го предадат целото количество на тутун, дека е проблематично и дека треба да се Даде барем уште една можност и на второстепената комисија да се има можност од ревизија од независни субјекти, но во исклучителни случаеви. На ваков начин при рестриктивна примена на оваа одредба можно е да се доведат во ситуација тутунопроизводителите повторно во пододредена положба. Значи потребна е одредбата, но таа треба да се дефинира со уште еден степен на можност за спогодување пред конечно предавање на тутунот, во исклучителни случаеви.

Мислам исто така, бидејќи никаде не е третиран откупот а егзистира во Републиката откупот на тутун во зелен лист дека треба да најде место во овој закон, се работи може 6и за помали количини во Републиката, но таквата ситуација дефакто постои и треба да се регулира.

После главата IV мора да постои глава V не во форма на надзор, туку во форма да се разработи одделот на главата за продажба на тутунот, каде што се предаваат одделни начелни вредности во врска со регулирање на тие односи. Во делот од надзорот мислам добро е решено прашањето, по мое мислење, овластувањата што се даваат на органот за внатрешни работи, во согласност со Предлог на законите кои во деновиве ги расправавме за внатрешни работи дека органот за внатрешни работи во оваа ситуација не може да има никаков надзор, затоа што во Предлог на законите се иззема управната надзорна функција, или ваму има одредба по што се вели дека органот за управата, надлежен за внатрешни работи врши надзор и на просториите каде што се произведува, чува тутунот, каде се манипулира во домашна манипулација итн. Тоа создава можност за нарушување и на уставната одредба на загарантираното право на неповредливост на домот, каде што рековме дека од вкупниот број на тутунот 90% се индивидуални земјоделци и тоа се селски стопански домаќинства кои стопанскиот двор и куќата му е живеалиште едно те исто и лесно можеме да дојдеме во ситуација да се судриме и со Уставот и со слободи и права на граѓаните што им припаѓаат, но мислам дека надлежностите на инспекцијата за земјоделие и. на пазарната инспекција се доволни иако тие утврдат такви форми, тек тогаш по нивна пријава може да се активира, а не анженералис по сила на законот тоа да му се дава овој лек специјалист на органот за внатрешни работи. До каде би стигнале во услови кога се залагаме органот за внатрешни работи да биде растоварен и биде само сегмент од одржувањето на јавниот ред и мир, ако со вакви специјални закони им даваме посебни овластувања во сите сфери.

VII/4.-

И казнените одредби мислам тоа се оценка на предлагачот, многу се остри веројатно, од причини што сака да се заштитат сите субјекти и органи за работа на субјектите на ваков начин со тутунопроизводството во интерес на сите субјекти и мислам дека е добро но треба да се усогласи со овие предлози што јас претходно ги коментирав. Мислам дека членот 40 е проблематичен сите предмети започнале со влегување во сила на овој Закон и ќе бидат окончани според прописите што важеле до денот на влегување во сила на овој закон, а доколку го донесеме овој закон по месец - два можеме да се судриме со овие проблеми кои на поинаков начин по радикално ги менуваат проблемите и ќе треба уште еднаш да се преоцнеи таа ситуација.

Плебирам овие мои забелешки со внимание предлагачот да ги третира и оние што смета дека треба да ги прифати, да ги прифати, а оние што сметам дека не треба да ги прифати да даде и писмено образложение со тоа да бидат во спротивност ќе опстојувам и понатаму во наредната фаза да се залагам за решенија за кои сметам дека со дејствуваат со основното начело на носењето на овој закон и она која е цел за носење на овој закон. Конечно мислам дека тутнопроизвоството со носење на ваков атак во РМ од професија на сиромашните и професија на социјала да стане достојна професија, пред се да преовладува економскиот мотив, економската попрофитабилност, а не како сите овде сите како што истакнуваат дека тоа е професија со која луѓето се занимаваат од немај-каде , од нужност итн., туку тоа да биде навистина професија од која ќе може достојно да се живее во оваа држава.

VII/5.-

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Моето учество во претресот по Предлогот за донесување на Закон за тутун ќе биде за начелата врз кои треба да се заснова Законот и односите кои треба да се уредат со него. Неспорно е дека производството на тутун има значајно место во вкупното стопанство и агроиндустрискиот комплекс во Републиката, дека учествува со околу 6% од националниот доход, 20% од профитот што се остварува во земјоделството, дека овде се ангажирани околу 350 илјади жители, дека од девизниот прилив се остваруваат околу 50 милиони долари годишно и дека претставува традиционална култура која поодамна е застапена во производната структура на вкупното земјоделско производство во Република Македонија. Неспорно е дека ова закон кој што е донесен за прв пат во 1973 година и кој третира воспоставени својствени односи на еден друг систем што некорксползира со односите и системот утврдени со Уставот на Република Македонија за 1991 година. Несомнено е дека регулирањето на било кое прашање, па и за производството, откупот и обработката на суровиот тутун во лист треба да биде во согласност со новиот Устав. Тука мислам пред се, на членот 55 од Уставот на РМ според кој потребно е Републиката преку законската регулатива да обезбеди претпоставки за еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот и да обезбеди систем на мерки против монополската положба и монополнското однесување на пазарот. Нормално неапсолутизација на слободата на пазарот и претприемништвото од либерализам до анархија на пазарот. Имајќи го тоа во предвид се поставува прашањето за мене лично дали ова е закон за заштита на нечија затекната монополска положба, или Закон за регулирање на вкупните односи за сите учесници во тутунопроизводството. Зборува дека тутунот претставува некаква стратешка култура, меѓутоа имајќи ги предвид основните стратешки компоненти на секоја економија, производството на храна, енергија и

знаење се поставува исто така дилемата дали тутунот е главната стратешка култура во агрокомплескот, за разлика и од други земјоделски култури кои се доста застапени во земјоделското производство во Републиката и кои исто така ангажираат огромен број на производители, индивидуални земјоделски производители. Ние не може да зборуваме за односите во областа на производството, откупот и обработката на тутунот, ако не ги споменеме субјектите, претпријатијата за организирано производство, но од пред се тутунопроизводителите, надвор од она што се предлага со воведувањето и на нов субјект со Предлогот за донесување на законот а тоа е претпријатието за откуп на тутун. Дали пак во производството, откупот и преработката на тутунот постои јавен интерес, кој што ако постои, што би требало да го утврди државата, односно Парламентот со донесување на еден закон како што се предлага, како тој да се институционализира. Сметам според мое лично согледување дека Законот за тутунот за кој постои потреба за донесување треба да ги уреди и опфати следниве прашања и односи:

Прво, со Законот да се обезбедува типизирано производна структура со типови сорти, со соодветна државна контрола, механизми и институции, заедно со контролата врз продажбата на семето, заради обезбедување на типизираната производна култура.

Второ, да се обезбеди обврска за задолжителна заштита на тутуновиот расад,

Трето, да се регулира заштитата пред се, на тутунопроизводителите, на индивидуалните земјоделски производители и

Четврто, да се уреди прашањето на сопственичкото преструктуирање на тутунските комбинати кои што се јавуваат како учесници во тутнопроизводството.

Ние, ми се чини, свесно или несвесно го одбегнуваме основното прашање во сферата на тутунопроизводството. Прелевањето на профитот од тутунопроизводителите, директните индивидуални земјоделски производители, во претпријатијата за продажба на тутун и цигари.

Со Законот за трансформација на претпријатијата во општествена сопственост ние тоа прашање го оставивме за уредување со некои други посебни закони и укажавме дека прашањето за трансформација на монополските претпријатија ќе се регулира со посебни закони прашањето на трансформацијата на монополските претпријатија. Меѓутоа, тоа воопшто не го начнавме, воопшто не го загатнавме прашањето што со оние монополски претпријатија кои веќе извршиле и обезбедиле сопственичко преструктуирање. Врз основа на тогашната конструктивна законска регулатива во согласност со неа или не, и се пререгистрираат фиктивно во акционерски друштва. Тука станува збор пред се, за претпријатијата кои се регистрирани за организирано производство и преработка и откуп на тутун.

Суштината според мене на тутунопроизводството е во затекнатата монополска положба на претпријатијата чиј број изнесува 24 во Република Македонија, а кои што се занимаваат со организирано производство, преработка и промет на тутун. Без решавање на тоа прашање, а сметам дека тоа е момент до донесувањето на овој Предлог за донесување на закон, ние фактички ќе пливаме во круг без излез на копно. За мене тутунопроизводителите во таквата форма на регулирање на односите во овој Предлог на закон во наредните фази доколку тоа предлагачот го прифати, тутунопроизводителите треба да бидат акционери во постоечките претпријатија за организирано производство, заедно со вработените во истите, за да ризикот и загубите и профитот ги

сносат заеднички сите учесници во тутунопроизводството. Нормално сите учесници да остваруваат дивиденда и откупна цена по основ на остварениот профит и сопственост на акции.

Сега имаме една состојба сиромашење на тутнопроизводителите, богатење на монополите, а државата имено, се вмешува само тогаш кога под притисок на штрајкови од страна на тутунопроизводителите треба да интервенира со некои дополнителни мерки при исплатата на производството кое што е утврдено со овие договори и откуп на цени.

Сметам дека ако тоа не се реши, пред се, со овој Закон за тутун и понатаму ќе сметаме дека регулирано нешто, а дефакто него регулираме, продаваме демагогија за грижа, а институционализираме негрижа, пред се , кај оној основен тутунопроизводител, индивидуалниот земјоделски тутунопроизводител кој што го создава профитот.

Предлагам Собранието да ја задолжи Владата да на Собранието му предложи Нацрт за тутун и Законот да оди во три фази.

**ЏЕЛАТИН МУРАТИ:**

Господинот Петров беше 16-ти учесник во дискусијата.

Дали Уште некој бара збор?

Бара збор г-динот Санде Џамбазов.

**САНДЕ ЏАМБАЗОВ:**

Господа пратеници самиот број/на дискутанти од господата пратеници кажува колкава е важноста на овој Закон за тутун, бидејќи единствен закон од земјоделските култури кој го имаме, тоа е Законот за тутун.

**САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Имаше приличен број на забелешки на законот, кои што сметаме дека еден дел се доста прифатливи, посебно оние забелешки, кои конкретно се предлагаа за измени на Предлогот за донесување на закон за тутун и сигурно дека ќе ги разгледаме сите овие забелешки, сите овие примедби. Оние кои што можат да се прифатат ќе ги прифатиме во Нацрт-законот, оние кои сметаме дека не можат или кои што не се прифатливи, сигурно дека нема да ги прифатиме, така што ќе се обидеме како Нацрт-закон да биде со помали забелешки на овој Парламент.

Едно треба да се сфати дека овој закон се прави за да се главно, заштити директниот производител на тутун, а не монополите на тутунот.^Така, ако земете внимателно да го гледате законот, ќе видите дека секаде се зборува за производство, промет и преработка. Производство, бидејќи индивидуалните производители го произведуваат директно, а промет бидејќи тие директно се врзани, тие го предаваат на одреден купувач и преработка, односно се мисли преработка во ферментиран тутун.

Овој закон за разлика од претходниот закон претрпи одредени суштествени измени, односно во однос на либерализација, т.е. во склад со пазарните услови за стопанисување. Тие измени се мислевме дали да бидат далеку полиберални или да бидат вакви какви што ги предложивме. Ние ги избравме вака како што ги предложивме во законот. Се плашевме да одиме на многу полиберални измени, само со цел да не го загрозиме директниот производител на тутун. Овде кажуваме кој се може да се занимава со производство. Во законот е кажано со производство и со промет на тутун. Секој може, оној кој што ги исполнува условите, така како што ние ги предложивме во законот. Дали е тоа многу, да има одредени капацитети, да има стручен кадар, да има

обезбедено средства за плаќање, дали е тоа многу или малку. Вие знаете со многу други култури, како што е пипер, домат итн., токму од вакви незаштитени трговци направивме одреден број на земјоделски производители, го дадоа своето производство и да не можат до ден денес а можеби и до пред две години или една година да не можат да ги обезбедат средствата.

Сметајќи за важноста на оваа култура, сметајќи за при- личниот приход кој се создава од оваа култура, затоа во предлог за донесување на овој закон предвидовме да оние кои што сакаат да купуваат тутун да исполнуваат одредени услови кои ќе претставуваат не- која минимална гаранција на оној кој што и го предава тутунот, а тоа е гаранција да тој го плати на време за одредената цена итн. Некои од дискутантите се заложија, што е многу исправно, за да не го изгубиме квалитетот на тутунот, мислам дека еден од вака не докрај либерализирање на законот е и тоа да можеме да го заштитиме квалитетот на производствениот тутун, бидејќи засега можеме да конкурираме само со квалитетен тутун. Не можеме да конкурираме со продуктивност тутун, со евтин тутун, затоа што, морам да ви кажам дека ние нашиот тутун поради ниската продуктивност, поради слабата технологија до сега која ја имаме техника и технологија имаме скапо производство на тутун, бидејќи тоа е целото, комплетното производство ни е рачно, трудоинтензивна култура, скоро најтрудоинтензивна култура која ја има во нашата Република. Така да не смееме поред ова да го изгуби- ме и квалитетот. Овде се зборуваше околу цената на тутунот, дали може во законот да се стави заштитна цена, дали не може итн. Морам да ви кажам дека цените на тутунот се предмет во друг закон. Тоа е е заштитна цена на одредени културни, не само на тутунот него и на другите култури за кои што државата смета дека треба да има одредени заштитни цени, како што е пченицата, сончогледот итн., тоа е во законот за поттикнување развој на

земјоделството и затоа овде не е ставено заштитната цена и не знам дали може да се стави заштитна цена, бидејќи таа во наши услови во оваа инфлација е прилично променлива. Заштитна цена или гарантирана цена, мислам тоа треба да се сфати дека тоа не е исто. Заштитна цена, односно гарантирана цена е нешто за кое има сигурност производителот дека тој тутун, бар по таа цена некој ќе му го купи, тоа е државата. Ако нема кој друг да го купи државата има обврска да го купи. Меѓутоа, не значи дека и откупната цена треба да е во висина на заштитна цена. Таа може да биде далеку повеќе а тоа го диктира најверојатно, оние што се занимаваат со откуп на тутун, а сигурно се разбира во зависност од светските цени на тутунот. Еве да ви кажам оваа година се договаравме околу цената на тутунот, да ви кажам дека светската цена на тутунот за разлика од минатата година 10% паѓа, така да не можеме ние однапред со закон да кажеме во некоја цврста валута дека тутунот ќе биде таа цена или било која друга култура, а наредната година можеби ќе падне или да нема кој да го купи, или да нема кој да го плати тутунот.

Јас сега не би сакал да одговарам на сите прашања, ниту има потреба, бидејќи ова е Предлог за донесување на закон и реков дека ќе ги имам во предвид сите ваши забелешки, меѓутоа само сакав да спомнам дека овде се спомна дека не е во согласност со Уставот итн. Немојте да ми замерите, јас не сум правник, меѓутоа консултирав правници, ми рекоа дека е усогласено со Уставот член 30 став 2 и 3 и член 56, став 1 и 2 итн. Меѓутоа, како и да е јас нема да коментирам, реков дека не сум правник, меѓутоа овој закон поминат е и на Законодавно - правната комисија каде што претпоставувам дека на таа Комисија се повеќе правници и сигурно таму ќе се даваат одредени забелешки, претпоставувам дека и во Нацртот на законот ќе ја има таа

прилика да ги дадат тие правни забелешки. Сето тоа ќе го има- ме во предвид, но се за да можеме да го заштитиме директниот производител. Тоа е и целта на овој закон. Покрај ова да ја искористам можноста некој спомна имаме цена на тутунот или немаме. Ние, пратеници, имаме цена, во прашање е дали треба да се коригира цената, не е во прашање дали имаме или немаме. Заштитна цена на тутунот има, листот сметаме дека треба да се коригира, во тек се преговорите како тоа ќе биде, до која можност тоа може да се коригира, мислам ќе се знае овие денови.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Ве молам, да утврдиме број на присутни пратеници.

Во салата има присутен 51 пратеник, што значи немате можност да гласаме по заклучоците.

Ги молам службите да ги повикаат пратениците.

Уште не доаѓаат пратениците за гласање. Јас само може да ве информирам дека тројца пратеници се јавија и заради оправдани причини се отсутни. Нив ги прочитав. Потпретседателот на Собранието Киро Поповски заедно со тројца пратеници имаат прием на делегација од Светската банка и според тоа се тука. И, петочлена делегација знаете на чело со претседателот на Собранието Стојан Андов се во посета на Шведска и Норвешка и заради тоа тие не се отсутни на денешнава седница на Собранието, а за другите кои на почетокот беа треба да видиме каде се и зошто не се тука.

Јас можам да ви предложам само еден заклучок, доколку машки стоиме на зборот да дадам пауза од 15 минути да се соберат другите.

(Реакција на пратениците во салата,дека не се согласуваат)

Ги молам службите да ги повикаат пратениците да дојдат во салата. Ве молам, да се повикаат пратениците доколку ги има во кругот на Собранието, во пратеничките канцеларии, кабинети да присуствуваат на седницата. (Реакција на пратениците). Ве молам, без нервоза, ве молам, ќе обезбедиме.(Некој од пратениците бара процедурално збор). Нема процедурално бидејќи ја заклучив расправата, потоа кога ќе отвориме тогаш ќе добиете збор.

Има пратеници присутни во салата, акцијата беше успешна, што ги повикавме, дајте да се договориме, да дојде потребниот број за да гласаме. Нема пауза, бидејќи не се согласувате со пауза.

Ве молам, да утврдиме број на присутни, некои дојдоа, а некои излегуваат.

Продолжуваме со работа.

Прво, Собранието го усвои Предлогот за донесување закон на тутунот.

Второ, Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Нацрт на закон при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието и сугестиите, мислењата и предлозите од расправата што се водеше по овој предлог за донесување на закон.

Трето, овој заклучок заедно со извештаите на работните тела да се достави до Владата на Република Македонија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостоганство, вклучувајќи ги и стенографските белешки кои се составен дел на овој заклучок и на седницата на која расправавме денес.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

60 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот закон

**Точка 14** - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за материјално обезбедување на учесниците во Народноослободителната војна.

Предлогот за донесување на законот, извештаите на работните тела на Собранието и забелешките на пратеникот Тодор Петров, ви се доставени, односно поделени.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ :**

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвои Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за материјално обезбедување на учесниците во Народноослободителната војна.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон при што ќе ги има предвид забелешките, мислата и предлозите на Комисијата за труд и социјална политика, Законодавно - правната комисија, забелешките на пратеникот Тодор Петров доставени во писмена форма.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на Комисијата за труд и социјална политика, ЗПК, забелешките на пратеникот Тодор Петров да се достават до Владата на Република Македонија и Министерството за труд и социјална политика.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (52 пратеници)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласањето? (тројца)

Ве молам да утврдиме точен број на пратеници бидејќи на некој начин се оспорува присуството на пратениците.

Молам да се утврди точен број. Нема да дозволиме да одиме со сомневање дали има или нема кворум. Ако нема ќвору4 гласањето ќе го повториме уште еднаш.

IX/2

Во салата има присутни 60 пратеници. Недостасува кворум за еден пратеник.

Молам, ќе го повториме гласањето уште еднаш.

Молам да се повикаат пратениците да влезат во салата.

Ве молам не може вака да работиме кога еден влегува на едната врата друг излегува на другата врата. Ако вака се однесуваме доста е несериозна работата на Собранието.

Ве молам за тишина и да продолжиме со работа (бидејќи се утврди дека има кворум).

Молам, кој е за предложениот заклучок да крене рака? (56 пратеници гласаа за)

Дали некој е против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (4)

Ве молам таму, еднаш гласавте за, сега се воздржувате.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **точка 15** - Предлог за донесување на закон за одбележување и одржување на гробиштата и гробовите на борците погребани на територијата на Република Македонија и во странство, како и на припадниците на сојузничките и други странски армии на територијата на Република Македонија.

Предлогот за донесување на закон, извештаите на работните тела на Собранието и забелешките на пратеникот Кирил Ковачевски и Тодор Петров ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Митко Анастасовски.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Дами и господа добро го прочитав и го разбрав предлогот. Меѓутоа, овој предлог закон требаше да биде малку попроширен. Тука се зборува

за борците погребани на територијата, за секоја чест е тоа, на територијата на Република Македонија и во странство, под странство јас разбирам во сите делови на Македонија, како и на припадниците на сојузничките сили, пак е добро и други странски армии на територија на Република Македонија. Малку тука јас сега, и други странски армии на територијата на Република Македонија. Мене ми се чини може тоа е добро, може и не е добро од две гледни точки а тоа е што едните армии беа окупаторски а другите армии беа ослободителни итн. Меѓутоа, има една голема празнина драги господа во овој закон. Не треба да заборавиме една работа. Јас знам дека многу од вас сега се сетивте што сакам да кажам, дека во оваа земја во овие 50 години од ослободувањето па некаде таму до 1974 или 1984 година (нека кој сака излегува , кој сака нека седи, на крајот на краиштата тоа не е моја работа. Ова денес така изгледа кој сака излегува кој седи тука а истите луѓе што сте тука, јас секој ден сум тука, истите пак сте вие. Тоа е за секоја чест. Сега што манипулираат, како манипулираат другите не знам. Тоа самите нека си го видат. Излегов малце од темата). Меѓутоа, сакам да кажам една работа. Во оваа земја има и други борци кои ние лесно ги префрлуваме. Во тие години кога се водеше борба баш за опстанок на оваа татковина на оваа држава која ние сега како претставници на оваа држава, во тие времиња, некои од вас се млади некои се постари, знаат дека многу од тие луѓе се исчезнати не по нивна вина, по вина на некои луѓе кои било од какви причини или заблуди ги уништија во разни логори, во разни затвори итн. Многу од тие луѓе немаат и гробови. Тоа треба да го имате во предвид. Од сите националности и од нашиот народ и од другите многу луѓе кои ја сакаа оваа земја те луѓе не се меѓу живите. Во некои места нивните коски лежат и не се знае дали нивните коски се на тие миста каде рие сметаме или ги однесе некоја река или се во некои долови, не постојат.

Видете една работа. Во овој Предлог закон треба да имаме предвид, бидејќи не ги знаеме гробовите, иако ги знаеме некој, тие места веќе се разурнати. Ќе ви дадам само еден пример и никој да не ми се лути за тоа бидејќи ги сметам сите за поштени луѓе. Најискрено го велам тоа. Само еден пример ќе ви кажам. Во Катланово во башата тоа е пресен пример, во времето на втората револуција во Егејскиот дел на Македонија многу ранети борци од таму беа пренесени во Катланово. Тоа се случува меѓу 47 и 48 година. Верувајте ми, многу од тие луѓе, тие не се политички затвореници, внимавајте, тие дојдоа на лекуваше. Од тешките рани од разни болести тие починаа. Меѓутоа сега да биде жалосна сликата на тие луѓе, тие беа наши луѓе, македонци беа. Тие луѓе кога се градеа таму едни згради заедно со тие зидини се фрлени во реката и реката Пчиња ги однесе и коските. Сега јас се прашувам, кога барам јас сега нешто кое не можеме да го најдеме, уништени луѓе во разни логори низ Југославија, во разни затвори, а тука е пресен случајот, некако ние сега во овој закон да ги опфатиме и тие луѓе,како и политичките затвореници, така и тие луѓе од нашите делови на Македонија кои се умрени на разни места како што е во бањата во Катланово и други да се внесат во законот, и да се направи некој споменик и тие да се овековечат како и другите борци кои ги дадоа животите во времето на НОБ и подоцна. Ми се чини дека ме сфативте.

Сега ќе кажам, една мисла ме врти низ паметот, како ние ќе ги овековечиме, како ние ќе ги заштитиме во нашата мисла, во нашиот памет, како ние ќе ги ставиме во историјата тие луѓе. На пример во затворот во Кале тука има и умрено и маченици има во тој затвор. Во времето на земјотресот тие се затрупани. Да е во друга држава ќе ги извадеа коските. Ние не можеме да ги извадиме коските и тоа во разни

периоди не само во овој период. Тука имаше и од по- рано од времето на Турско умрено луѓе со маки. Вие не сте биле таму, не сакам да одите никој, бидејќи не постои тој закон. Барем по една плоча да биде ставена како спомен за тие луѓе што умираа внатре во тој затвор.

Исто така, јас и порано сум рекол и во Идризово да има еден споменик кој ќе потсетува на луѓето кои умреле за оваа држава. Кога знаеме да славиме ВМРО 100 години, тогаш нема да го одбегнеме и да го оставиме на страна животот што го дале тие ваши дедовци, татковци и браќа. Значи две работи имаме.

Прво, во Предлог законот да влезат сите борци меѓу кои ќе се опфатат и борците од тој дел на Македонија и

Второ, во тој закон да бидат внесени и луѓето кои умреа за Македонија во разни логори, во разни места во бивша Југославија и во местата во Македонија. Тоа се значи две места. Местата во Идризово и во Кале.

Сега многу реков, малку трогателно ќе биде тоа, но сепак еден ден мора да се отворат тие карти, многу луѓе не се ни таму закопани, фрлени се во разни езера, дупки, долови итн. но треба некаде да стои еден споменик и тие работи никогаш веќе во нашата земја да не се случат.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас искрено кажано немам дискусија туку за да можам меродавно да одлучувам, евентуално и да дискутирам, барам една информација од Министерството, од претставниците на Владата и од повереницитe.

Со оглед дека носиме Предлог за донесување на закон за одбележување и одржување на гробишта и гробови на борци итн. како и н припадници на Сојузнички и други странски армии на територијата на РМ. Во образложението пишува дека согласно Женевската конвенција

државите имаат меѓународно правна обврска да се грижат за гробовите и гробиштата на војниците на сојузничките и други странски армии, дури и да водат основна грижа за гробовите на непријателските војници.

Имам прашање до Министерството врз основа на што веројатно може да настане дискусија од моја страна или евентуално да ми помогне во одлучувањето кои се конвенциските обврски на нашата држава по однос на одбележување и одржување на гробовите на непријателските војници на територијата на РМ, заради тоа што сметам дека може да настане непријатна ситуација. Не знам како е регулирано со Женевската конвенција и за тоа барам објаснување околу обележувањето на тие гробови, а биле на непријателски војници, а согласно член од законот пишува дека тоа го уредува државната комисија, оценувајќи кои се паднати во корист -на РМ а кои се третираат како непријателски за да не настане обележување на тие војници од страна на матичната држава на еден начин кој -не би бил за. РМ прифатлив.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор претставникот од Министерството за труд и социјална политика.

**КАМЕНЧО ГОРЃОВ:**

Во врска со прашањето на господинот Поповски јас сакам само да посочам дека и ние во образложението зборуваме за доста недостатоци во евиденција и во одржувањето на гробиштата од оваа категорија. Така да веројатно одговорот не може да биде целосен. Но, сакам да напомнам дека во овие Женевски конвенции станува збор за елементарно одржување, одбележување да така кажеме на гробовите на војниците кои биле на другата страна, непријателски војници. Се работи за одбележување, означување и евидентирање на локациите каде се наоѓаат тие гроботи. Така да може после воените судири да може

страната во ударот да пружи елементарни податоци каде се наоѓаат загинати војници на таа спротивна страна на судирот. Тоа се елементи кои ги најдовме во Женевската конвенција и кои упатуваат на елементарен однос кој ќе обезбеди однос и евиденција и определен однос понатаму во едно друго време после определена војна.

Натамошните односи во одржувањето на тие гробови и гробишта се поддржуваат и со други меѓународни договори меѓу самите држави и ние тоа го предвидуваме во законот овде со едно решение со кое велиме гробовите и гробиштата кои не се наведени во членот 2 ќе се одржуваат согласно со меѓународните обврски на РМ и имајќи ги предвид обврските и од Женевската конвенција, ако со меѓудржавна спогодба не е поинаку одредено.

Слободен сум само да проширам само со една мисла дека Женевската конвенција е само еден минимум во односите во оваа сфера а останатото подлежи на случување на меѓународни договори и обостран интерес на едните или на другите односно на едната или на другата страна во судирот.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници во врска со овој закон имам дадено писмени забелешки па малку би ги и образложил.

Овие дополнувања на овој Предлог закон ги предлагам од причина што во неговиот текст нема ниедна одредба за одбележување на гробиштата и гробовите на борците иако според насловот на законот покрај другото тој е и за одбележување на гробиштата и гробивите на борците. Во контекст на тоа ги давам следните забелешки:

По членот 6 да се додаде нов член кој би гласел: "гробиштата и гробовите посебно се одбележуваат" со одбележувањето посебно треба да се назначи кои се погребените борци и против кого се бореле,

наведувајќи го името на непријателот.

По членот 13 се додава нов член кој гласи: "гробиштата - и гробовите што не се одбележани според овој закон ќе се обележат во рок од една година по неговото стапување во сила".

Почитувани пратеници нашата историја ако земеме после падот на Самоиловото царство постојано во нашата историја имаме борби и востанија. Но, за сето тоа немаме одбележано ништо, ни со кого се бореле ни имињата на тие борци.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:** (Продолжение)

Подоцна востанијата против турците, Карпошовото востание, подоцна Кресненското, Разлошкото, на тие борци што се бореле во тоа време немаме никаде ниту имиња, ниту презимиња, ниту против кого се бореле. Подоцна ако земеме за Илинденското востание имаме, но не комплетно. Само тие што беа од левата страна се обележани , тие што беа од десната страна воопшто не се обележани, а знаеме и левите и десните заедно се бореле во Илинденското востание. Понатаму ако го земеме Тиквешкото востание воопшто немаме никаков белег за тоа, тоа беше табу тема, Охридското востание. Е сега/кога доаѓаме во НОБ како историјата да почнува од 1941 година. Имаме многу обележја од 1941 година наваму, но не адекватни. И тука се правени големи пропусти. Јас сум гледал на многу споменици нема ниту имиња на загинатите борци и против кога се бореле. И тука е направена голема правда, а има реакција и од самите борци, но обичните борци, а раководството на таа боречка организација чекајќи ги високите пензии воопшто не се стараат. Понатаму, после војната имавме борци за самостојна обединета Македонија што работеа во името на ВМРО. За нив немаме никаде за што се бореле,нивните имиња и кој ги погубил. Тоа воопшто не се спомнува. Па затоа во контекст на тоа се моите забелешки и молам да се прифатат за да во дефинитивниот закон бидат изгласани. А ако ги нема, тогаш ќе дадам амандмани и ќе кажам многу вистини за тие борци чии имиња се прикриваат и против кого се бореле.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по Предлогот за донесување на закон и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

X/2.-

Собранието на Република Македонија ги усвои Предлогот за донесување на закон за обележување и одржување на гробиштата и гробовите на борците погребани на територијата на Република Македонија и во странство како и на припадниците на сојузничките и други странски армии на територијата на Република Македонија.

Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон при што ќе ги има предвид забелешките, мислењата и предлозите на Комисијата за труд и социјална поли- тика и Законодавно правната комисија и забелешките на пратеникот Кирил Ковачевски, Тодор Петров и предлозите и сугестиите кои беа изнесени на денешната расправа.

Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела на Собранието и забелешките на пратеникот Тодор Петров и пратеникот Кирил Ковачевски , како и стенографските белешки од седницава да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за труд и социјална политика.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака? (59)

Дали има некој против ? (3)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок

Минуваме на **точката 16** - Нацрт на закон за пензиско и инвалидско осигурување.

Нацртот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

X/3.-

**ЈОРДАН ЗАФИРОВ:**

Почитувани пратеници, јас имам само еден предлог и се надевам дека ќе биде вграден во Предлог законот за пензиско и инвалдско осигурување. Иако ги знам состојбите во Фондот за пензиско осигурување, сепак предлагам една категорија на работници, особено работниците кои работат во оранжериите имајќи ги во предвид пред се тешките услови за работа при што тие работат при температура над 40 степени Целзиусови и влажност над 80% на воздухот во перманентно присуство на хербициди, односно пестициди. Поради тоа предлагам тие да имаат бенефициран работен стаж при што само ќе наведам примери од околните земји каде што перманентно работење, односно стаж од 20 години во оранжерија тие стекнуваат право на пензија. Тие работници во Републиката практично и не се многу ако се има во предвид дека имаме некаде околу 240 односно 270 хектари под оранжерии, тоа се некаде околу 2 илјади работници. Оттаму сметам дека овој мој предлог ќе биде прифатен во наредната фаза.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мислам дека имаме многу значаен закон и не знам колку би биле сериозни ако продолжиме да работиме на ивица на кворум, така што изгледа должното внимание што треба да го има овој закон ќе отсуствува. И ако цени и претседавачот сметам дека би требало да ја прекине седницата, или во крајна линија да минеме ка некоја од наредните точки, а оваа точка да биде прва во некое наредно продолжение. Со оглед на тоа што претседавачот се одлучил и на ивица на кворум да ја продолжи седницата јас некои одредени размислувања

по Нацртот пак ќе ги изнесам, а со цел да бидам по конкретен ќе го користам пишаниот збор.

Во членот 19 да се извршат "следните измени. Во точката 1 наместо 7 години да стои 12 години. Во точката 3 наместо 5 години да стои 4 години. Во точката 4 наместо 4 години да стои 3 години. Во точката 5 наместо 3 години и 6 месеци да стои 2 години и 6 месеци. Во точката 6 наместо 3 години да стои 2 години. Образложение. Зголеменото сметање во стаж на осигурување во разни варијанти од годишно еден месец два, три, четири, пет и шест месеци помножено со бројот на поминатите години за кои се предлага намалување на старосната граница за по една година, би требало секогаш да дава 12,или приближно 12. Според Нацртот во точката 1 тоа е 7, во точката 3 тоа е 15, во точката 4 е 16, во точката 5е 17 и во точката 6 е 18 години. Алтернативата на ставот 1 од овој член да се разработи така што ќе се утврди постапно преминување кон вкупен стаж, односно најрано од 1.о1.1970 година, така што почнувајќи од 1.о1.1995 година и во секоја наредна година пензиската основа да се формира според просечната плата за по 3 години подолг период во 1995 година 13 годишен просек, во 1996 година 16 годишен, во 1997 година 19 годишен просек, во 1998 година 22 годишен просек во 1999 година 25 годишен просек, така што до 2002 година да се достигне вкупниот период од 1.01.1970 година, а до 2005 година и теоретската можност за 40 годишен просек. Така што алтернативата за ставот 1 би гласела: Старосната пензија се утврдува од месечниот просек на платите што осигуреникот ги остварил од 1.01.1970 година и тоа од 1.01 .1994 година од просекот во кои и да било последователни и 10 години на осигурувањето најповолни за осигуреникот, а од 1.01.1995 година според месечниот просек на платите за осигуреникот најповолни 10 години зголемени за 3 годишен просек за

секоја наредна година во рамките на полниот стаж на осигурување. Ако од 1994 година веднаш се премине на 10-то годишна основица кон вкупен стаж , разликите во пензиската основица на сегашното и новото решение би достигнале 20% што ќе предизвика револт и барање за повторно законско ревидирање од страна на новите идни пензионери. Постапниот премин тие рески разлики ги амортизира на подолг период. Во однос на членот 37 истиот да гласи: Највисоката старосна пензија во сите видови, со сите видови и додатоци и зголемувања не може да изнесува повеќе од просечната пензија остварена во Република Македонија за претходниот месец зголемена 5 пати. Образложение. Нацртот предвидува лимит кои претставува 83% од просечната плата во Република Македонија во претходната година зголемен 4 пати. Највисоката плата треба да се лимитира во споредба со просечната плата, додека највисоката пензија со просечната пензија. Елементот 85% што треба да ја претставува максималната стапка во утврдувањето на пензиската основица се применува врз 10-то годишен интервал кој дури и валоризиран е неспоредлив со остварен просек на платите во минатата година.

Второ во случај кога присутната се поинтензивна инфлација ги достигна стапките од пред 4 години , овој лимит може да доведе до нелогични ситуации , максимираната пензија да се изедначи со минималната.

Трето, член 37, медицината на трудот е дел од медицинската наука и спаѓа во ресорот здравство. Листата на професионалните болести најквалификувано и најодговорно може да ја утврди соодветниот ресорен министер. Оттука се предлага зборовите во ставот 2 "за труд и социјална политика" да се заменат со зборовите "здравство".

X/б.-

Насловот на дел петти треба гласи: здобивање и остварување на правата на лицата прогонувани и затварани за самостојна Македонија. Оттука член 112, право од пензиско и инвалидско осигурување под посебни услови имаат и лицата прогонувани, затварани со правосилни судски пресуди осудувани за самостојна Македонија, за нејзино демократско уредување и слободен живот на нејзините граѓани.

Член 113, својството на лице прогонувано и осудувано во смисла на одреден член 112 на овој закон го утврдува Министерството за правосудство и врз основ ана писмено барање на заинтересираните граѓани, а не Владата. Ставот 2 си останува ист. Член 114 , на лицето од членот 113 на овој закон времето поминато на издржувањето казна затвор му се признава во пензиски стаж во двојно траење. Член 115, лицата од членот 113 од овој закон и членовите на нивните семејства правата од пензиско и инвалидско осигурување ги остваруваа под исти услови како и осигурениците учесници во НОБ кои биле осудувани и затварани од окупаторите за време на Втората светска војна како учесници во НОБ. Членовите 116 и 118 остануваат исти. Предложениот наслов на дел петти и формулациите од членот 112 до 115 поаѓаат од фактот што текстот содржан во Нацртот не ја одразува основната содржина на дејанијата и идеите поради кои тие лица биле прогонувани, осудувани и покусо или подолго време минале во затворите од 1945 година наваму. Имено, ако се проанализираат обвинителните акти и судските пресуди на таканаречените ВМРО-вски групи иако од обвинителско судските квалификации на тие дела се издвојат стереотипните пропагандни квалификации за фашисти, империјалистички шпиони и слично ќе се: констатира дека тие во тоа време млади луѓе се застапувале за самостојна држава на македонскиот народ, за држава со демократско устројство со полна слобода за

X/7.-

нејзините граѓани, а против диктатурата и неговото служење на белградските интереси. Правата според предложените одредби не би се стекнувале според имагинарни претпоставки, сведочења и слични појави за кои често е пишувано во врска со користењето на правата од страна на одделни учесници наводно во НОБ, туку врз фактичката состојба утврдена според судски и други официјални документи. Двојно признавање на стажот е :ди правичност, односно еднаков третман со лицата кои исто така Македонија некоја година порано лежеле во окупаторските затвори. а не беше така долга временска дистанца, односно да имаше сеуште живи комити, илниденци од времето на турското ропство, веројатно за тие што лежеа во турските зандани ќе се утврдеа исти законодавни права. Член 173 , да се додаде нов став со следната содржина: Владата на Република Македонија ги следи состојбите во Фондот, приливот на средствата, редовноста во исплатата на пензиите и другите состој| и за констатираното по сопствена иницијатива, или по барање на пратениците го информира Собранието на Републиката. факт е што Владата дава согласност на статутот на фондот и што Министерството за труд и социјална политика врши надзор над работењето и законитоста на фондот претставува обврска Владата пред надлежниот ресор да ги следи тие состојби. Тоа претпоставува иницирање на неопходни мерки и заклучно со законските интервенции.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ**: (Продолжение)

Во членот 177 нов став 5, платите на вработените во Стручната служба на Фондот исплатуваат во термините и за периодот аналогно на исплатата на пензиите на сите корисници. Тоа ќе ги стимулира Службата за ефикасна контрола во остварување на обврските кон Фондот.

Членот 179 да се брише ставот 2. Оваа одредба претставува на одреден начин тројански коњ. Во ситуација кога финансиската ситуација на Фондот станува се потешка заканувајќи се да влезе во критична фаза одделни раководни лица во асоцијацијата на пензионерите за сметка на тешката состојба на средствата на Фондот материјално да стимулираа корисници кои ги имаат привилегиите да ги користат таканаречените објекти од општествениот стандард.

Ако се анализира кои се корисници на бањските одмаралишта ќе се констатира дека тука доминираат корисниците од така наречената трета цензусна група. Ако фондот нема средства за својата основна намена на пензиите не би требало да помага евтини пансиони за лица што не спаѓаат во категоријата под просечните пензиски примања околу 75% од вкупниот број на корисници.

Исто така членот 202 да се брише.

Според постојните прописи на пример носители на партизанска споменица од 1941 година остваруваат пензија со формирање на пензиска основица не од десет годишна просечна лична плата туку од платата во последната година која е по правило највисока. Такви слични привилегии уживаа и службениците од внатрешни работи и СДБ и воени лица. Сега после 50 години уште ли има во Република Македонија носители на партизанска споменица што не ги оствариле правата на

пензија, а што ќе речат другите привилегирани категории од внатрешни работи и офицерите. Тоа ќе претставува натамошна хипотека на овој закон со решение што непосредно се во спротивност со основните уставни начела за еднаквост на граѓаните во стекнувањето и остварувањето на правата.

Во интерес на времето толку. По предлогот повеќе.

Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За учество во расправата се пријави уште еден дискутант господин Стојановски Никола. Дали после него сака уште некој да се пријави за дискусија.

Ве молам, ние досега сме работеле во рамките на уставните норми со мнозинство на пратеници. Сите предлог заклучоци по однос на предлозите на законите се донесени со мнозинство на гласови. Евидентно е дека кворумот флуктуира, осцилира, е нестабилен. Заради тоа предлагам да престанеме со работа, а продолжението на седницата накнадно ќе биде закажано.

(Седницата прекина со работа во 16,00 часот).